СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 24 декември 1996 година

Скопје, декември 1996 година

**56-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 24.12.1996 ГОДИНА**

Дневен ред на стр.8

5.1 :Предлог буџет на РМ

1. АБДУРАУФ ПРУСИ - 52
2. АНДОВ СТОЈАН - 68, 75
3. КАРОВ ИЛИЈА - 56, 59
4. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 40
5. НАЈДОВСКИ СЛОБ0ДАН - 60, 68
6. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1
7. ПАУНОВ ТОДОСИЈА – 32
8. ПЕЦОВ МИРКО - 38
9. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 19, 23
10. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 28, 30
11. ТАНТАРОВ ВЕЉО

седницата продолжува на 25.12.1996г.

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 декември 1996 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала бр. 1 со почеток во 14,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам 56-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристо Трајков, Ристо Николовски, и Ванчо Чифлиганец ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Сакам да ве известам, веројатно сите се известени, поделено е обраќање од пратеничката група на Либералната партија кои бараат поради, наводно, подолгиот текст на обраќањето на претседателот на Републиката на 57-та седница на Собранието и во основа нужноста од свечен карактер на неговиот настап во Собранието, седницата да се одложи од денес за утре. Освен тоа наведуваат, во своето обраќање дека тоа е потребно поради некои акценти искажани во завршниот дел на говорот на претседателот кои во јавноста можат да бидат сфатени како додатен притисок врз пратениците во Собранието, со цел однапред да

се даде бланко поддршка на предлогот на буџетот на Република Македонија за 1997 година, и на пакетот на Предлогот на закони за спроведуваше на макроекономската политика за 1997 година.

Сакам да ве известам дека сите бевте известени уште со поканата дека ќе има обраќање на претседателот на Републиката и никој не можеше да знае колку ќе трае тоа обраќаше. Важно бевте известени сите пратенички групи, сите пратеници дека по завршувањето на 57-та седница ќе продолжи 56 седница.

Јас овие причини за одлагање на седницата не можам да ги прифатам и предлагам ние да продолжиме да работиме.

Пратениците Александар Ивановски и Мирко Пецов поднесоа Предлог одлука за огласување избор на судии во Врховниот суд на Република Македонија, со предлог да биде разгледан на оваа седница. Предлогот на одлуката Ви е доставен. Кој е за предлогот молам да крене рака? 65 пратеници гласаа за. Дали има некој против? (Нема) Дали некој се воздржува од гласање (Никој) Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата поднесе предлози на одлуки за разрешување на јавниот правобранител на општините Република Македонија и на јавниот правобранител на општините Прилеп и Крушево, за разрешување и именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе на Кинотеката на Македонија, за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Стоматолошкиот факултет - Скопје, за именување членови на Управниот одбор на 003Т Институт за белодробни заболувања кај децата во состав на здравствената работна организација Градска општа болница "Моша Пијаде" - Скопје, и за избор на член на Управниот одбор

на Заводот за здравствена заштита Кочани, со Предлог да бидат разгледани на оваа седница.

Предлозите на одлуките Ви се поделени.

Кој е за, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Законодавно правната комисија предлага на денешната седница да се разгледаат: Предлогот на автентично толкување на член 70 од Законот за банки и штедилници, "Службен весник на РМ"бр. 29/1996, пречистен текст и предлогот на автентично толкување на член 13 од Законот за Градот Скопје, "Службен весник на РМ" број 49/1996, и барање за давање автентично толкување на членот 19 од Законот за градот Скопје, "Службен весник на РМ" број 49/1996 година и на членовите 29 став 1, точка 13, 30, 39, 40 и 41, од Законот за локалната самоуправа "Службен весник на РМ" број 52/1995 година, поднесени од Собранието на Град Скопје.

Предлозите Ви се поделени.

Кој е за предлогот на ЗПК, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за градежно земјиште со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за Предлогот молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија достави предлог за разрешување заменик на Вишиот јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Битола што Ви е поделен.

Предлагам дневниот ред на денешната седница да го дополниме со овој предлог

Кој е за предлогот молам да крене рака? (70)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за здравство предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со предлози на одлуки за давање согласност на статуите на јавните здравствени организации, медицински центар Дебар, и природното лекувалиште Негорски бањи - Гевгелија.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (72)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот **дневен ред:**

1. Предлог на Буџет на Република Македонија за 1997 година.

2. Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 1997 година, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Буџетите со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1997 година, со Предлог на закон

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за платен промет, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993, 1994, 1995 и 1996 година, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за градежно земјиште со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со Предлог на закон;

I/6.-

15. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за реализација на проектот за дистрибуција на гас во Скопје, од Европската банка за обнова и развој со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Хашкиот договор за меѓународно пријавување на мостри и модели - Хашки акт, и дополнителниот акт од Стокхолм, со Предлог на закон;

17. Предлог на одлука за целите и задачите на монетарната политика во 19 9 7 година,

18. Предлог на одлука за девизна политика и проекција на платниот биланс на Република Македонија за 1997 година;

19. Предлог на автентично толкување на член 13, од Законот за Град Скопје, "Службен весник на РМ" бр. 49/1996 година;

20. Предлог на автентично толкување на член 70 од Законот за банките и штедилниците, "Службен весник на РМ" број 29 од 1996 година,пречистен текст;

21. Барање за давање автентично толкување на член 19 од Законот за Градот Скопје, "Службен весник на РМ" број 49/1996 година, поднесено од Собранието на Град Скопје;

22. Барање за давање автентично толкување на членовите 29 став 1 точка 13, 30, 39, 40 и 41 од Законот за локалната самоуправа, "Службен весник на РМ" број 52/1995; поднесено од Собранието на Град Скопје;

23. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија,

24. Предлог за разрешување на јавниот правобранител на Република Македонија;

25. Предлог на одлука за разрешување н именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе во Кинотеката на Република Македонија;

26. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување Предлог за именување индивидуален работоводен орган на Стоматолошкиот факултет во Скопје;

27. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на 003Т Институт за Белодробни заболувања кај децата во состав на здравствената работна организација Градска општа болница "Моша Пијаде" - Скопје;

28. Предлог на одлука за избор на член на Управниот одбор за избор на член на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита - Кочани;

29. Предлог за разрешување на Јавниот правобранител на општините Прилеп и Крушево;

30. Предлог за разрешување на заменик на Вишиот јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Битола;

31. Предлог на одлука за давање на согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар - Дебар,

32. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште Негорски бањи - Гевгелија;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на Предложениот дневен ред. (Нема)

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?(74)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

II/1.-ПЈ/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Минуваме на **точка 1** - Предлог на буџетот на Република Македонија за 1997 година.

Предлогот на буџетот и извештаите на работните тела ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес во начело.

Го молам министерот за финансии господинот Таки Фити да го презентира Предлогот.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

(ПРИЛОГ)

II/2.-

**ТАКИ ФИТИ:**

Република Македонија во изминативе пет години го отвори процесот на транзиција кој и кај нас, како што впрочем тоа беше случај и со другите земји во транзиција, претпоставуваше истовремено водење и на политика на макроекономска стабилизација и на политика на структурни реформи. При тоа, макроекономската стабилизација е постигната за релативно кус период, со примена на класичните рестриктивни мерки во монетарната и фискалната сфера, комбинирани едновремено и со политиката на доход, односно ограничување на порастот на платите во општествениот и јавниот сектор на земјата. Процесот на структурни реформи продолжува да тече. Најголемиот број од индустриските и трговските претпријатија, гледано од формално - правен и организационен аспект, ја заврšија приватизацијата. Следи приватизацијата на агроиндусгрискиот комплекс. Во земјата е создаден и самороден приватен сектор што го сочинуваат голем број мали и средни бизниси. Се заокружува и процесот на санација и рехабилитација на банкарскиот сектор.

Воспоставувањето на макроекономската стабилност беше првиот нужен и најзначаен услов за динамизирање на стопанскиот раст и развој во иднина. Република Македонија успеа да ја заврши 1995 година со стапка на инфлација од 9,2% на годишно ниво. Тековнава година ќе заврши со стапка на инфлација од 2 до 2,5 %. Ваквите резултати, заедно со структурните реформи кои се во тек, придонесоа во текот на 1996 година да се сопре долгогодишниот негативен тренд на движење на општествениот производ. Во 1997 година влегуваме со значително поголема извесност за пораст на општествениот производ и дефинитивно одлепување од дното на кризата. Кога ова го тврдиме имаме во obѕир неколку значајни моменти: прво, во првите десет месеци од годината дојде до 4% пораст на индустриското производство и постојат шанси годината да ја завршиме со пораст на општествениот производ од 1 - 1,5%; второ, во 1996 дојде до поместувања во

структурата на увозот на стопанството во смисла на зголемување на учеството на репроматеријалите и суровините во вкупниот увоз, кои во следната година ќе се употребат како инпути за ново производство; трето, присутна е исто така тенденција на постепено зголемување на бројот на производните мали и средни бизниси, што заедно со обезбедената финансиска поддршка на овој сектор, ќе бидат фактор на зголемување на производството; четврто, започнува реактивирањето на дел од претпријатијата кои проаѓаа низ процесот на реструктуирање.

Дами и Господа, почитувани пратеници,

Врз основа на ваквите тенденции и движења во стопанството и во согласност со нашите програми врзани за аранжманите со Меѓународната банка за обнова и развој и со Меѓународниот монетарен фонд, кои засега успешно се одвиваат, конципирани се основите на буџетската и монетарната политика на земјата за 1997 година.

Во тој контекст глобалната макроекономска рамка за 1997 поаѓа од потребата да се одржи веќе воспоставената стабилност на вкупните економски текови и стабилниот курс на денарот и да се обезбеди реален пораст на општествениот производ. При тоа стапката на инфлација на годишно ниво е профилирана на 2%, а порастот на општествениот производ на 5%.

Во предлог - Буџетот на Република Македонија за 1997 година вкупните буџетски приходи се планирани на износ од 41.520 000 000 денари. Во тие рамки изворните приходи изнесуваат 41. 320 000 000 денари, а донациите 200 000 000 денари. Вкупните трошоци се планирани на износ од 44. 454 000 000 денари. Според тоа вкупните трошоци се поголеми од вкупните приходи за 2. 934 000 000 денари. Овој износ практично го чини дефицитот на Буџетот кој се финансира со кредити од меѓународните финансиски институции. Учеството на дефицитот во вкупните буџетски приходи, како еден од показателите за способноста на Владата за отплата, односно сервисирање на јавниот долг, е нешто над 7% и е, според меѓународните стандарди, во сосема толерантни рамки. Во овој контекст билансот на приходи, кој е глобално прикажан во предлог – Буџетот, ја има следната структура:

- ***даночните приходи во маса изнесуваат 38 981 000 000;***

во нивни рамки:

*- персоналниот данок од доход е планиран на 9,20 мрд. денари, односно 22,3 % во вкупните изворни приходи на буџетот за 1997 година;*

*- данокот од добивка на 2,34 мрд. денари,односно 5,7 %;*

*- данокот на промет 9,22 мрд. денари; односно 22,3%;*

*- акцизите 11,23 мрд. денари; односно 27,2%;*

*- царините 6,97 мрд. денари, односно 16,9%.*

***неданочните приходи во маса изнесуваат 2 339 000 000 денари;***

во нивни рамки:

*- административните такси се планирани на 560 000 000 денари, односно 1,36 % во вкупните изворни приходи;*

*- судските такси на 400 000 000 денари; односно 0,97 %;*

*- паричните казни на 240 000 000 денари, односно 0,6 %;*

*- другите неданочни приходи на 1,13 мрд. денари, односно 2,7 %.*

Како што се гледа од презентираниот предлог - Буџет, за прв пат во практиката на нашата земја се евидентирани и сопствените приходи што одделните буџетски корисници планираат да ги реализираат и што е во согласност со трезорскиот систем кој ќе почне да функционира од 1997 година. Во земјите коишто за прв пат го воведуваат трезорскиот систем, како што е сега случај и со нашата земја, вообичаена практика е одреден период тие да се следат и доколку се констатира нивна постојаност да послужат како основа за рационализација на буџетските трансфери, односно трошоци. Во оваа смисла се предложени и измени во Законот за извршување на Буџетот за 1997 година во членот 13 кој ќе гласи: "Сопствените приходи што ги остваруваат корисниците и единките корисници на средства од Буџетот од вршење на дејности кои не се финансираат од Буџетот, се уплатуваат на посебна жиро сметка за сопствени приходи". - кусо објаснување

Трошоците во предлог - Буџетот оваа година се класифицирани покрај на вообичаениот начин за прв пат и според т.н. функционална

класификација што повторно е во согласност со воведувањето на трезорскиот систем.

Според досега практикуваната класификација на трошоците, структурата на одделните видови на трошоци е како што следува: плати, наемнини и надоместоци 15 134 666 000 денари што претставува 34,0 % во вкупните планирани трошоци; стоки и други услуги 5 485 452 000 денари, односно 12,34 % во вкупните трошоци; тековни трансфери 14 972 082 000 денари, односно 33,7 % во вкупните трошоци; каматни плаќања 1656 000 000 денари, односно 3,73 % во вкупните трошоци; капитални трошоци 3 089 800 000 денари, односно 7,0 % во вкупните трошоци и заеми, учество во хартии од вредност и отплата на главнина 4 116 000 000 денари, или 9,3 % во вкупните трошоци.

Функционалната класификација на трошоците, како што веќе споменавме, оваа година за прв пат се прикажува во Буџетот и има посебна аналитичка вредност, бидејќи глобално упатува на буџетските расходи според намени. Во тие рамки општите јавни услуги (тука спаѓаат услугите на законодавната и извршната власт, фискалните и финансиските услуги, и сл.) во Буџетот за 1997 година се планирани во износ од 5 545 641 000 денари, односно 12,5% од вкупните трошоци; трошоците во врска со одбраната се планирани во износ од 4 041 486 000 денари, односно 9,0%; трошоците за јавен ред и безбедност се планирани во износ од 4 383 318 000 денари, односно 9,9 %; трошоците за образование и образовни услуги се планирани во износ од 7 714 337 000 денари, односно 17,4 %; трошоците за здравствени услуги се планирани во износ од 254 803 000 денари, односно 0,6%, (овде станува збор само за трансферите); трошоците за социјална заштита и социјална сигурност на населението планирани се во износ од 11 281 415 000 денари, односно 25,0 %; трошоците за домување и одржување на урбаната средина се планирани во износ од 192 275 000 денари, односно 0,44%; трошоците за рекреативни, културни активности и услуги се планирани во износ од 1 113 830 000 денари, односно 2,5 %; трошоците за земјоделство, регулатива и операции се планирани во износ од 628 525 000 денари, односно 1,42 %; трошоците за рударство, индустрија и градежништво се планирани во износ од 389 021 000 денари, односно 0,88%; трошоците за транспорт и комуникации се планирани во износ од 1 653 255 000 денари, односно 3,72%; другите различни услуги вклучувајќи ги тука и производството и преносот на електрична енергија, трансферите до единиците на локалната самоуправа, како и до

Агенцијата за стопански недоволно развиените општини, планирани се во износ од 4 321 500 000 денари, односно 9,7 %.

**ПОЧИТУВАНИ ДАМИ И ГОСПОДА ПРАТЕНИЦИ,**

Иако во изминативе неколку години воспоставувањето и одржувањето на макроекономската стабилизација на земјата се реализираше низ комбинирано дејство на монетарната и фискалната политика, главниот терет на стабилизацијата на вкупните економски текови сепак го поднесе монетарната политика. Тоа е и нормално ако се има предвид фактот дека инфлацијата, барем на долг рок, е монетарен феномен. Сега меѓутоа, доаѓа време кога во стопанството мораме да отвориме нов развоен процес. Во тој контекст ќе дојде и до поместување на приоритетите во макроекономските функции на државата. Товарот на забрзаниот стопански раст во услови на висока макроекономска стабилност овој пат главно ќе падне врз Буџетот, односно фискалната политика. Дозволете ми, во овој контекст, да ги објаснам основите на фискалната политика за следната година и логиката на функционирањето на моделот што го предлага Владата на Република Македонија.

Изворните приходи на Буџетот (односно даночните и неданочните приходи) оваа година во маса се помали во споредба со истите минатата година за 1.595 000 000 денари. Со вака поставен Буџет и со продолжувањето на политиката на ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби во 1997 година, учеството на фискалното оптоварување на земјата во општествениот производ опаѓа од 43,6% во 1996 година на 41% во 1997 година.

За реализацијата на политиката на зголемување на општествениот производ во 1996 година посебно е значајна структурата на одделните буџетски трошоци и нивната крајна намена. Имено во Буџетот, на неговата расходна страна, постои позиција депозити кон Народната банка на Република Македонија. Станува збор за средства што Буџетот ги издвојува и ги депонира во Централната банка. Овој специфичен инструмент на поддршка на монетарната од страна на фискалната политика постоеше и функционираше и минатата година. Тој останува и за следната година. Битната разлика е во тоа што висината на депозитот, односно на средствата што Буџетот ги издвојува и пласира во Народната банка, се одвојува - од 1,2 мрд. денари во 1996 година, на

2,4 мрд. денари во 1997 година. Депозитот, при тоа, има две основни функции:

Прво, тој служи за одржување на стабилноста на курсот на денарот, односно тој треба да и овозможи на Народната банка да ги врши нужните интервенции на девизниот пазар - како што е на пример откупувањето на евентуалниот вишок на девизи од девизниот пазар;

Второ, тој треба да овозможи релаксирање на монетарната политика, што значи дека со негова помош ќе се намалат ограничувањата на пласманите на деловните банки кон стопанството, односно кон приватниот сектор.

Втората функција на депозитот практично е клучна за постигнувањето на главната цел на макроекономската политика за 1997 година - зголемување на стапката на раст на општествениот производ. Имено, депозитот, како што веќе споменав, ќе и овозможи на Народната банка да води политика на смалување на постојните ограничувања на пласманите на деловните банки кон стопанството, односно претпријатијата. На тој начин деловните банки ќе бидат во можност да понудат поголем обем на кредити на приватниот сектор. Што ќе значи тоа во конкретни бројки? Вкупните пласмани на банките ќе пораснат за 4,069 мрд. денари, или за 16,2%. Во тие рамки денарските пласмани би се зголемиле за 3,255 мрд. денари или за 14,9%, а девизните пласмани за 814 милиони денари, односно 20 милиони американски долари, или процентуално искажани за 24,7%.Изворите на финансирање на пласманите ќе бидат како што следува: 2,4 мрд. денари од Буџетот на Република Македонија - тоа практично значи дека Буџетот ќе учествува во финансирањето на зголемувањето на пласманите со 60% и 1,69 мрд. денари од зголемените депозити на комитентите на банките. Во функција на поддршка на зголемување на пласманите ќе биде и порастот на примарните пари на Народната банка за 688 милиони денари - станува збор за паричната маса М1. Над ваквото зголемување на пласманите, коешто е сосема извесно, треба да се додадат уште 100 до 120 милиони долари врз основа на кредити од меѓународните финансиски институции. Зголемената понуда на кредити ќе доведе до смалување на каматните стапки. Намалувањето на каматните стапки ќе биде поддржано и со претходно намалување на есконтната стапка на Народната банка. Во правец на опаѓање на засега вонредно високите каматни стапки (маргините помеѓу есконтаната стапка на Наредната банка којашто сега изнесува 8,9% и просечните банкарски каматни стапки - 20 - 22% сеуште

се недозволено високи) ќе дејствуваат и други фактори: заокружувањето на процесот на санација на банките и зголемувањето на меѓубанкарската конкуренција, најавеното влегување на западноевропски капитал во банкарскиот сектор на земјата, промените во државната регулатива во доменот на обезбедувањето на пласманите, односно хипотеката, формирањето на т.н. Prime Rate кај банките, врз основа на која тие ќе одредуваат пониски каматни стапки за добрите, односно повисоки каматни стапки за лошите комитенти, искористувањето на веќе договорените кредити од меѓународните финансиски институции кои се со пониски каматни стапки и сл. Намалените каматни стапки врз овие основи ќе го зголеми интересот на претпријатијата за мобилизирање на кредити и зголемување на инвестициите, а со тоа и на производството. Тоа е клучната цел што сакаме да ја постигнеме. При тоа, не треба посебно да нагласувам дека отворањето на долгорочен процес на пораст на производството е особено важно и заради зголемувањето на извозот и постепено елиминирање на хроничниот дефицит во нашиот биланс на плаќања. Владата има намера да го поддржи порастот на инвестициите, производството и заживувањето на стопанската активност и со предложените промени во постојниот даночен систем на земјата. Тука во прв ред мислам на предложените промени во Законот за данокот од добивка со кои радикално се смалува државното зафаќање на профитите на претпријатијата - даночната стапка се намалува од 30 на 15% и комплетно се ослободуваат од плаќање на данок профитите наменети за реинвестирање. Се разбира дека на вака создадените поволни услови за инвестирање претпријатијата треба да одговорат со квалитетни инвестициони програми кои ќе треба да го поминат тестот на строгото банкарско веривицирање на нивната економска ефикасност и профитабилност.

**ПОЧИТУВАНИ ДАМИ И ГОСПОДА ПРАТЕНИЦИ,**

Мислиме дека на овој начин и со вака конципирана фискална политика Владата на Република Македонија прави значаен исчекор во полза на стопанството. Практично суштината на фискалната политика што ја предлагаме се огледа во извлекувањето на дел од буџетските средства, кои генерално гледано служат за непроизводна потрошувачка,

и нивно пренасочување во производството, односно за поддршка на инвестиционата активност на претпријатијата.

Продолжувањето на структурните реформи во стопанството, односно заокружувањето на приватизацијата, преструктуирањето на реалниот сектор (производно- технолошкото ревитализирање на претпријатијата) и преструктуирањето на финансискиот сектор (банките), ја чинат ср'жта на понатамошните економски реформи во земјата. Текот на структурните реформи, меѓутоа, нужно создава социјални проблеми и тензии. Доколку овие не се ублажат, релативизираат, постои опасност да ги сопрат реформите и да не вратат сосема назад, во матните води на хиперинфлацијата и целосниот хаос. Затоа со Буџетот за 1997 година издвојуваме големи средства за социјалната - заштита и социјалната сигурност на населението. Станува збор за ставка од 11,3 мрд. денари, што претставува 25% од вкупните буџетски трошоци за 1997 година. Во овие рамки само средствата за социјални трансфери кон невработените изнесуваат 2,6 мрд. денари, средствата за пензиско и инвалидско осигурување 4,3 мрд. денари, средствата за социјална помош 340 000 000 денари и т.н. Тоа е социјалната цена што мораме да ја плаќаме, а се разбира ја плаќавме и досега, за да успееме во реформите и да изградиме модерен пазарен начин на стопанисување. Но, во овој контекст битно е да подвлечеме дека вака зголемените социјални трансфери во 1997 година ќе ни овозможат во значајна мера да ги елиминираме дефицитите во Пензискиот фонд (обврската на Буџетот кон пензискиот фонд за 1997 год. е поголема за 1,3 мрд. денари во однос на оваа година). Тоа веќе го направивме во тековнава година со Заводот за вработување каде што трансферираме средства во износ од 870 000 000 денари, а во 1998 година тоа ќе го направиме и со Здравствениот фонд. Со отстранувањето на дефицитите и дубиозите во посочениве вонбуџетски фондови Македонија е на добар пат трајно да елиминира дел од генераторите на поранешната инфлација и да ја зацврсти стабилноста на вкупните економски текови сега и во иднина. Анализите на Владата потврдуваат дека постојат слабости и нерационалности во постојниов систем на социјална заштита и сигурност. Токму заради тоа Владата веќе излезе со конкретни предлози за зголемување на заштедите на пензискиот фонд на среден рок. Исто така Владата брзо ќе елиминира дел од социјалните трансфери кои го стимулираат неработењето и ја нарушуваат флексибилноста на пазарот на трудот.

II/10.-

Факт е дека порестриктивно поставениот Буџет на самиот старт, односно помалиот номинален износ на изворните приходи за 1.595 000 000 денари, од една страна, како и поголемите издатоци на Буџетот за динамизирањето на стопанскиот раст (депозитот од 2,4 мрд. денари) и за социјалните трансфери, од друга страна, ги прави одделни позиции на Буџетот пренапрегнати. Од прегледот за функционалната класификација на трошоците се гледа дека тоа посебно е случај со трошоците за земјоделство, регулатива и операции и со трошоците за транспорт и комуникации. Значајни рационализации се присутни и кај Агенцијата за стоковни резерви и слично.

Промените во земјоделската политика во текот на годината, кои се во склад и со аранжманите со Меѓународната банка за обнова и развој, во голема мера беа насочени и кон намалување на трансферите за субвенции, како и намалување на премиите за одделни земјоделски производи. Заради тоа и Буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е порестриктивно поставен. Впрочем и самата функција на Министерството еволуира од директни државни интервенции кон регулатива во земјоделското производство иманентна, карактеристична за пазарните стопанства. Но и покрај тоа, Владата води сметка за спецификите на земјоделското производство и значењето на овој сектор за вкупниот стопански развој на земјата. Во овој контекст треба да потсетиме на фактот дека земјоделството и во иднина ќе ужива висока царинска заштита. Имено царинските стапки заедно со прелевманите кај голем број земјоделски и прехранбени производи (станува збор за 310 позиции, односно земјоделско-прехранбени производи) обезбедуваат заштита којашто може да оди до 80%, во услови кога просечното царинско оптоварување според новиот царински тарифник кој е во сила опадна од 26% на околу 16%. Владата, односно Министерството за земјоделсково, шумарство и водостопанство обезбедија значајна финансиска поддршка за земјоделското производство - засега се договорени три кредитни линии во вкупен износ од 20 милиони американски долари под вонредно поволни услови - 35 до 40 години рок на враќање, со грејс период 10 години без камата, и со можност за зголемување на кредитните линии, под услов дека тие ефикасно ќе се реализираат. За нивна реализација се потребни и средства од Буџетот во износ од 3,66 милиони американски долари. Во овој контекст треба исто така да се има пред вид дека вистинските

земјоделски производители се ослободени од плаќање на данок и дека Владата за 1997 година нема да изврши ревалоризација на катастарските приходи во земјоделството. Се се ова средства чие што значење не може и не смее да се потцени кога се гледаат и анализираат не само буџетските позиции на земјоделството, туку и неговиот целокупен третман.

Смалените трошоци за транспорт и комуникации во прв ред се должат на фактот што намалува буџетското финансирање на пругата кон соседна Бугарија (овогодишната позиција од 1,8 мрд. долари е намалена на 400 000 000 денари за 1997 година). Владата, при тоа прави напори да обезбеди финансирање на пругата со странски кредит, од Европската инвестициона банка.

Кај Агенцијата за стоковни резерви нужни се исто така рационализации, заради раздвижување на капиталот што таа го поседува и намалување на нејзините директни интервенции на пазарот.

**ПОЧИТУВАНИ ПРАТЕНИЦИ,**

Дозволете ми на крај уште еднаш да потенцирам дека Владата на Република Македонија концепирајки ги основите на фискалната и монетарната политика за 1997 година се определи за динамизирање на стопанскиот раст на земјата во услови на одржување на висока макроекономска стабилност. Ова е Буџет којшто е во функција на поддржување на така поставената основна цел со макроекономска политика за 1997 година. Со други зборови теретот за реализирање на овие цели оваа година во најзначајна мера паѓа врз Буџетот, врз ограничувањето на јавната потрошувачка, но во корист на стопанството. Затоа и молам Господа Пратеници вака конципираниот буџет и фискална политика да бидат поддржани.

*********

III/1.-JM/0M

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, дами и господа, донесувањето на Буџет претставува можеби најважниот чин во работата на овој Парламент, во работата на Владата и во работата на сите субјекти што значи еден документ, јас би го рекол еден мал устав од кој што зависи како идната година ќе се однесуваме и што треба да очекуваме. Со оглед на сериозноста на овој документ сметам дека сепак сме хендикипирани со мноштвото на пратечки документи кои што го следат овој Буџет со оглед на временскиот теснец неколку дена пред Новата година и прашање е колку ние објективно можевме и можеме да ги согледаме сите негови атрибути дотолку повеќе што ние не добивме информација во која мерка е реализиран Буџетот во тековната година. Во документите дадени се одредени претпоставки нормално се базираат на некое просечно уточнување врз база на показатели за 10 месеци, или 11 месеци. Сметам дека сепак во еден ваков временски теснец прашање е колку ќе можеме да влијаеме, колку ќе можеме да придонесеме да имаме Буџет кој што ќе значи една сигурност во она што г-динот министер го искажа во неговиот краен пасос на ова сериозно и аналитичко излагање. Ако сфатив добро, а така е напишано, сите заложби на проектираниот буџет треба да значат заживување на стопанството, производството што би било основа за целокупниот развој во идната година. Сигурно дека ние во овие наши дискусии сакале, или не сакале ќе спомнеме и некои податоци, некои предвидувања, некои бројки кои што се содржани во наредните точки од дневниот ред пред се макроекономската политика и монетарната политика, но нека ми биде дозволено дека не ќе може да имаме тука аргументирани дискусии ако некои од овие аргументи, атрибути, таргети

и т.н. не бидат споменати. Добро е што ние во преден план поставуваме рестриктивен буџет. Но прашањето е сега дали таа рестриктивност ќе значи навистина предност, дали оваа рестрективност ќе значи заживување на стопанството, или едноставно дали оваа рестриктивност значи растеретување на стопанството и динамизирање на општиот стопански развој. Глобално гледано тоа е позитивен тренд и позитивен потег кој што мора да има одобрување од сите нас. Но, ако завлеземе подлабоко сега во сето она што се предвидува паѓаат во очи неколку работи кои што мораме да ги прокоментираме и мораме да ги продискутираме. Што е она што значи дека ќе ни даде една гаранција дека стопанството ќе може да заживее идната година особено извозно ориентираното со оглед на тоа на големиот платен дефицит кој што можеме да го намалиме само со зголемен извоз. Што значи онаа моќ на издржливост да ги враќаме достасаните обврски кои што се движат некаде околу 40% од извозот, а познато е дека во светот границата на таа задолженост не треба да помине во никој случај 25% од извозот. Значи се соочуваме со едни параметри, со едни бројки кои што треба да ги прифатиме со огромен оптимизам за да бидеме среќи и задоволни ако бидат остварени.

Мојата дискусија има за цел да укаже на некои сегменти од вооj Предлог на буџет што мислам дека треба добро да се обмислат, или дури да се изврши одредена трансформација за да стопанството почувствува директна интервенција, да не ја речам инфузија, или недај боже трансфузија. Овде нас ни се сервираат многу големи бројки кои што се движат некаде 2,4 милијарди денари кои што се вели дека ќе бидат насочени кон заживување на производството. Меѓутоа тоа се кредити, тоа се средства во Буџет, средства кои што повторно се потенцира дека ќе бидат наменети за развој на мали и средни

претпријатија, а веќе конечно повторно доаѓаме до сознание дека без водечките организации кои што за среќа еден добар дел од нив ги издржаа сите овие времиња на транзиција и покажаа дека тие мора да бидат оние сидра на идниот развој. Добро е што овие денови повторно и од компетентни фактори се посочуваат добрите примери на Охис, на Југохром, на Тетекс, на Отекс, Македонија Табак. Јас ги споменав овие директните производители околу кои што треба сепак да се врти идниот реален развој на државата со она што значи поттикнување на иницијатива за мали и средни претпријатија. Затоа што искуството покажа дека бумот на мали и средни претпријатија во позитивна насока, во насока на развој значи и многу лесно нивно трансформирање во бумеранг, брзо затварање, гаснење на имињата и жиро сметките и практично останувaат некои сомнителни хипотеки кои што никој не може да ги активира. Не можам да прифатам дека ќе имаме динамизирање на стопанството, особено на извозното ако и понатаму стимулациите за извозот се намалуваат. Од минатата година намалени на 385 милиони денари сега се предвидуваат само 150 милиони денари стимулации за извоз.

Од друга страна Вие бевте сведоци на жестоки расправи тука кога го донесувавме новиот закон за царини каде што сепак најголемиот дел на она што значи либерализација го прифативме како императив кој што ни го налагаат меѓународните институции, а не дека ние можеме со такви царински стапки да се носиме со поразвиени стопанства. Така што либерализацијата има свое лице и своја опачина. Но, да бидеме објективни и да сметаме дека иднината треба да биде во рамноправно членство на тие меѓународни институции особено во Светската трговска организација.

Што станува сега понатаму? Го укинавме членот 53 кој што стимулираше извоз со тоа што беа ослободени стоките и

репроматеријалите кои што се увезуваат наменети за извоз. При тоа ни беше тука?речено дека ова ќе биде решено со членот 55 за надворешно трговското работење. Очекувавме ако не друго дека уплатените средства на име царини многу ефикасно и брзо ќе им се вратат на оние стопански субјекти кои што тие стоки ги увезле поради извоз. Што се случува. Шест месеци дами и господа ниту еден денар по овој основ не е вратен на стопанството, дури некој си дозволи со интерна одлука, со подзаконски акт 3% од овие да од оваа царинска тарифа ја зафати државата како неповратен износ. Значи 3% веќе без оглед дали тоа се стоки за извоз остануваат во државата и не се враќаат. И сега што станува? Ова оптеретено стопанство, ова задолжено стопанство во услови на енормно високи камати кои што достигаат 20 до 22% треба да ја кредитира државата затоа што тој износ на средства на стопанството не му се враќа во континуитет, или во одредени временски интервали. И двете работи оптеретуваат многу до толку повеќе што не знаеме што нас не очекува во она што значи конкурентност на пазарот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Не би сакал да бидам еден од оние кои заговараат економија која има форма, економија која има правила, економија која има реални основи да оди и да чекори напред.

Не можеме да прифатиме дека идната година ќе оствариме инфлација од само 2% при предвиден раст од 10% реален 7,5, па за да потоа имаме бројки 5 или 5,5%. Се залажуваме сами себеси, интервенираме на пазарот за да не се нарушат монетарните токови, фискалната компонента е во преден план, а фискалната компонента секогаш, Вам ви е познато уште повеќе, дека е изнудена компонента. Таа е еден амортизер кој треба да ги балансира економските токови. Таа е мерка која треба да се употребува кога мора, таа е изнудена мерка и сега ние предвидуваме средства во Буџетот за да може да се интервенира на пазарот да се одржува стабилниот курс на денарот.

Овие денови поскапеа нафтата и нафтените деривати. Која сме економија сега ако сето тоа нема влијание на крајните производи. Тоа е економија без подлога, тоа е економија која нема покритие. Проблемите ги оставаме за утре или задрутре, нормално е во секоја пазарна економија, а кон таа одиме, бидејќи договорната ја оставивме зад нас, секое зголемување на оние влезни инпути кои се застапени во секое производство нема производство во кое нема влијание енергијата да не се чувствува и во финалниот производ т.е. во неговата цена.

Одржуваме еден стабилен курс, но по цена на многу нешта. Нека не не чуди платниот дефицит, нека не не чуди неможноста да се конкурира на странските пазари, нека не не чуди немотивираноста да се извезува. Секој бара можност ако може на овој пазар да пласира стоки затоа што пласира стоки на странските пазари само оној што нема друг

излез или по цена на одредена загуба. Сега велиме дека правиме се во интерес на стопанството. Ако е така зошто дел од овие средства не ги насочуваме веднаш кон стопанството,кон она стопанство што е извозно ориентирано, што добро го познаваме и овие години го оставивме на вистинска проба на неговата умешност, издржливост и техничка конкурентност. Зошто не го релаксираме ова стопанство на повеќе начини преку стимулации за извоз ефикасни и брзи, преку ослободување на дел од зафаќања на пример персонален данок или друг за оние гранки кои вработуваат голем број на луѓе, извозно се ориентирани, а знаеме дека се ниско профитабилни или се на границата на издржливоста. Со ова можеме да постигнеме повеќе ефекти. Не може да не не загрижи нас дека за социјални трансфери ќе издвоиме 25%, една четвртина од вкупниот буџет. Ние се вртиме во еден маѓепсан круг што практично стопанството го притискаме со сите мерки, тоа се растеретува дури и таму каде не треба од вишокот на вработени, а се сомневам дека веќе има вишок на вработени. За истите луѓе мораме да ги поддржуваме преку овие социјални програми каде дојде до едно приближување. Имаме лични доходи од 4 до пет илјади денари и тоа точно во овие гранки познати високотрудови и добри извозници, а веќе социјална помош на одредени категории достигна вредност од 1600 денари. Прашање е сега како да ја подигнеме продуктивноста на трудот како да станеме конкурентни, како едноставно да го зголемиме интересот за редовно и продуктивно вработување, кога имаме други можности кои ни го одвлекуваат вниманието на граѓаните за вработување. Стои една определба дека ќе се изврши една селекција на оваа помош, мислам дека треба да биде час поскоро.

Второ, ко го укинавме членот 53 можеме тоа да го направиме повторно на еден ефикасен начин со ослободување комплетно, а ако државата не е подготвена и не сака да влезе во костец да ги открива сите неправилности и манипулации, сметам дека за тоа не треба да

одиме со паушални оценки и паушален приод што за државата е наједноставен, најфункционален и најпродуктивен. Слична е состојбата и во земјоделието. Се откажуваме од субвенциите, се откажуваме од стимулации, од 415 милиони денари сите ги сведуваме во оваа година на 80 милиони денари. Викаме повторно дека тоа го налагаат меѓународните институции.

Дами и господа треба да му благодариме на тоа македонско земјоделство кое имаше среќа оваа година да има поволни климатски услови да го одржи стандардот на оваа држава и на овие граѓани, во спротивно состојбите ќе ни беа многу потешки, но не значи дека тоа земјоделие треба до крај да го исцрпуваме. Не можам исто така да прифатам дека огромен дел од новите задолжувања, од новите кредити ќе ги насочуваме во кредитни линии во сите дејности вклучувајќи го и земјоделието каде викаме стимулираме земјоделско производство. За мене кредит што треба да се врати дами и господа не е стимулација. Тоа се средства што треба еден ден да се вратат. Еден ден сметката треба да се подмири. Спрема тоа, дајте зошто огромен дел да одвојуваме за социјала кога можеме тие средства да ги вложиме директно во заживување на производството и извозот и таму да имаме што помал број на граѓани кои ќе ја користат таа помош. Немојте да не поведе одредницата од уставот дека сме и социјална држава. Вака како што сме пошле 25% утре верувајте господа и тој среден сталеж во државата ќе се приближи кон таа социјала. Ако неговиот просек на примања е 6, 7, 8 иљади денари тогаш каде одиме ние. Нема напредок на една држава без еден стабилен и масовно застапен среден слој. Знаете господа денеска кој го сочинува тој среден слој во државата. За жал тој среден слој ни го сочинуваат учителите, професорите, општите лекари, инженерите, економистите, правниците во производството кои не се на раководни функции. Замислете на кое ниво на развој достигаме. Имавме еден висок

слој, имаме социјала кон која социјала многу брзо еден огромен дел од овој дел може лесно да помине. Тука се квалификуваните и висококвалификуваните работници.

Дајте, ако располагаме со огромни средства од 2,4 милијарди денари наменети за заживување на стопанството дајте директно да ги насочиме во тоа стопанство да му дадеме инекција и да може идната година тоа стопанство да ја дочека релаксирано и подготвено за зголемено производство. Имаме намалено производство, имаме хали, имаме линии технолошки, дајте таму, имаме потреба од обновување на технологии, дајте тоа нека биде, но не да биде исцрпувачко како што вие го знаете преку тие кредитни институции кои практично одземаат огромна енергија и не дај боже достапни им се толку податоци што лесно можат, ако посакаат, да дестабилизираат било која стопанска организација.

Вкупен буџетот од околу една милијарда и седумсто милиони ДМ бројка респектабилна, меѓутоа, сеуште високо учество на јавната потрошувачка и што е уште позагрижувачко инвестиции во јавниот сектор некаде 41, 42% инвестиции во јавниот сектор, сектор кој најмалку вработува и сектор во кој средствата се враќаат на најдолг рок и тогаш со кој оптимизам стопанството треба да го поддржи овој буџет и стопанството треба идната година да очекува подобри денови.

Сигурно ќе биде еден од одговорите еве данокот од добивка се намалува од 30 на 15%. Дами и господа, ние да бидеме среќни ако ова стопанство оствари данок на добивка само ќе даде, сами ќе дадеме ние данок дајте да вложиме во тоа стопанство, па тоа стопанство ќе има остаток за се и сешто и за овој буџет, но најповеќе за сопствениот развој кој е второт таргет каде што се вели реинвестирањето нема да биде оданочено. Многу малку има средства за реинвестирање дами и господа.

Видовме каде се инвестициите не случајно ја гледаме битката да се има позиции во тој јавен сектор и да не ви досадувам вие поубаво знаете што е тоа средства од Буџет за инвестирање и што е она кредити без оглед на поволните околности кои прво треба да се добијат, па потоа треба да се враќаат. Во една ваква несигурна состојба, во една ваква состојба каде формално за оние неупатените одвојуваме дури 60 милиони американски долари за развој на стопанството, меѓутоа развој кој никој директно не го гледаме. Тоа е борба за кредити, борба за програми, борба на пласмани, борба да се дојде до тие средства. Ако веќе имаме можност за директни интервенции дајте тоа нека се направи, ако веќе доцниме ќе ве потсетам, ако грчкиот парламент можеше да работи цела недела на буџетот вклучувајќи ги и сабота и недела немојте да брзаме да донесеме ваков витален акт во еден цајт нот, што би рекле шахистите.

Во овој буџет останаа работи кои не ни се објаснети. Останаа многу средства во одредени министерства кои не се потрошени, ред беше да ни биде дадено објаснување дали е поради кусок на средства или поради неефикасност на оние на кои им се доделени. Кај мене е впечатливо средствата во Министерството за земјоделие наменети за берзата од 50 милиони денари од кои ни еден денар не е искористен и останува прашање дали тие средства ќе се прелеат во идната година и ќе се динамизира таа берза или едноставно тие средства остануваат во буџетот да може со нив да располага Министерството за финансии и Владата

Уште еднаш дека состојбите во земјоделието да не не занесуваат поради ангажирањето на една група на пратеници на кои мораме да им оддадеме признание што прашањето на тутунот го поставија како национално прашање успешно се изборивме сите ние тука за една приближно реална цена но останаа многу други дејности од земјоделието кои не

можат да го состават крај со крај.

На крај да не биде се толку песимистичко се додека овој буџет има амбиции да ги покрие сите барања, сите желби, се додека платниот дефицит е карактеристика на високо развиените економии, но тие економии имаат подлога, имаат база на која го темелат тој дефицит и тоа дами и господа, не заради друго исклучиво платниот дефицит и на САД и на други развиени земји е во функција на раст на производството. Зборот рецесија повеќе плаши отколку развојна или контролирана инфлација. Според тоа дајте ако веќе предвидовме инфлација за оваа година од 6% можеби тоа е подоброто решение, па дури и 7-8% отколку раст на производството сомнителен, слободен сум да депонирам оставка како пратеник ако овој буџет овие показатели ги реализираме. Ќе бидам најсреќниот да одам од овој Парламент, а буџетот да биде реализиран.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, господа министри, моето кажување ќе биде пократко од двете воведни излагања и сигурно ќе се разликува во еден дел од спознајноста. Сигурно од она што го изнесе министерот од она што го имаме напишано во Предлог - буџетот суштината во промените на буџетот можеме заеднички да ги оцениме дека се во полза на претпријатијата и стопанството. Ако е тоа вистината, а е, бидејќи предлогот да се направат промени во структурата на увозот да се олабави во сферата на кредитирањето да влезат нови пари и капитал во банките за мене кажува дека проектираната инфлација од 2% е можна, а растот на производството може 'да биде и поголем од

предвидените 5%. Јас нема да поднесам оставка ако биде повеќе. Сигурно на секој буџет можат да му се стават одредени забелешки дека е преобемен или недоволен, дека не е во одраз со финансиско - монетарната состојба или дека неговиот начин и приод во штедењето и намалувањето на трошоците на претпријатијата можеле да бидат вакви или такви. Тоа е секогаш можно, но потребно е да го дообликуваме буџетот и во согласност со барањата на граѓаните што не избрале да им предложиме остварување на таков буџет.

Јас би поставил неколку принципиелни прашања дали предложениот буџет е реален и дали ги обезбедува правата на корисниците во буџетот кои се утврдени со други прописи. Тргнувам од тој постулат зашто факт е дека буџетската рамка е дефинирана со прописи кои се утврдени тие права на неговите корисници. Оттаму може да се оцени дека во поголем обем тие права се задоволуваат, но во одредени рамки се лимитирани, што е резултат на ограничени можности во стопанството во поглед на овие буџетски зафаќања. Но, исто така и дел од правата на граѓаните се лимитираат или укинуваат иако не е сторено со пропис или колективен договор. Сигурно тоа денес нема да го одгонетнеме.

V/1.-CJ/ЉР

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:** /продолжение

Ко, исто така намалувањето на субвенциите од секогаш создава простор за негативни ефекти кај претпријатијата што ги користеле, а особено за извозниците. Ако извозот за наши определби е стратешка определба со цел да се намали дефицитот и пласманот на производите од Републиката, намалувањето на стимулациите значи и намалување на извоз, но не само во тој дел. Ако во однос на намалување на регресите за квалитетни семиња 24% ќе бидат искористени оваа година, од 1997 година, од она што е искористена во 1996 година, премиире за земјоделски производи со 47% ќе влезат во стартот на 1997 година, а она што значи ревитализација на селото ќе влезе само со 3,3%. За мене факти кои се поразителни и сметам дека на овој план покрај мојата заложба и желба да имаме пазарно земјоделие, прашувам која е таа рамка во која развиените европски и други земји го заштитуваат своето земјоделие со сите овие параметри кои ние денес ете немајки средства тоа да го стимулираме.

Оттаму се приклонувам кон онаа група на барања и истакнувам потреба за основање на банка се ќе се бави со исклучиво кредитирање и поттикнување на извозните зделки на претпријатијата од РМ. Вакви банки постојат во многу држави, па и во овие кои имаат развиено пазарно стопанство, а во нив и преку нив државата врши силно влијание на стимулирање на извозот, на стимулирање на квалитетни семиња, премии и ред други работи кои што сигурно таа банка би имала во својата дејност.

Вториот елемент кој сакам да кажам дека има позитивно влијание во Буџетот, тоа е воведувањето на единствениот трезорски систем на РМ во однос на користење на средствата со што ќе се стави поголем ред во трошењето и за она што се се добива за парите на граѓаните кој го плаќаат тој данок. Впрочем одамна оние земји со пазарна економија

постоел ваков систем на контрола. Се залагам за уште една пософтицирана метода во однос на овој дел, а тоа е примената на модерните средства кои имаат сопствена вредност т.е. средствава кои ќе бидат во трезорскиот начин на распределуваше имаат сопствена вредност преку соодветна камата и соодветно вреднување на тие пари. Сигурно ова јас не го измислувам, го направиле многу луѓе пред нас, и применето особено добро разработено во Велика Британија.

Поради тоа, предлагам Министерството за финансии да ги следи средствата на овој план и да предложи нивна имплементација на нашиот систем. Со тоа на буџетските корисници ќе им се овозможи прво, рационално работење, а второ, реални можности во реални рамки во одредено време да ги користат тие средства, но и поголема јавност од граѓаните и даночните обврзници, а тоа бара катадневна јавност пред сите оние кои што вложуваат во тој буџет и оние кои што се корисници на тој буџет.

Како забелешка на овој буџет би сакал да ја изнесам ниската проценка на приходите од приватизација на претпријатијата. Со тоа не сакам да го минимизирам процесот на трансформација на општествениот капитал во приватен. Но, ќе речам дека она што е планирано од 200 милиони денари или за 7,2 милиони марки е скоро исто колку процнеката од приходите на парични казни кои се 240 милиони денари или 8,7 милиони германски марки.

Од моја страна приходите од административните и судски такси се близу петпати поголеми од приходите на приватизацијата 960 милиони денари или 37 илјади ДМ. Поставувам прашање, со оглед дека се работи за модел на платен а приватизација кој се спроведува кај нас, дали толку ниско проценетиот приход значи дека таа не ги дава најавуваните ефекти или пак имаме послаба проценка на овој финансиски извор. Како

можност е дека приливот на средства не се одвива преку утврдената динамика, зашто се чини дека треба да се изврши преоценка на ваквиот извор.

Еве тоа беа моите забелешки во однос на Буџетот. И, на крај би истакнал дека сметајќи на она што прво го кажав и мислејќи дека расход на општествениот производ предлагам буџетот да го усвоиме.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Г-дин претседатеале, дами и господо, денеска се донесува еден многу битен, важен документ кој ќе го донесеме денеска, а ќе се користи цела 1997 година, а тоа е Буџетот на РМ за 1997 година.

Јас и порано, а и сега морам да повторам некои работи што во претходниот дел што се однесува немаме анализа во изминатиот период зашто приходите во Буџетот за 1996 година не се остварени, кои биле причините, а што се остварени повеќе, што има повеќе средства, на кој начин, како се остварени тие средства.

Приходниот дел ќе можеме да го оствариме оваа година кога во оваа година што веќе изминува 50% од капацитетите што би можеле да работа, не работеа, односно се под стечај, не плаќаат придонес за здравство, за пензиско инвалидско осигурување не плаќаат за вработување, не плаќаат персонален данок и други давачки кои не ги даваат, од каде би биле овие приходи. Така да приходниот дел не знам колку ќе може да се оствари кога и ден денес работниците со технолошки вишок, под стечај, невработени, доста има млади стручни кадри не ангажирани, не вработени кои чекаат работни места, не знам кога би начекале и кога стручните кадри би ги мобилизирале во производството да дадат свој удел во него.

V/4.-

За приходниот дел би кажал уште, рековме дека инфлацијата била 2000%, а кажавме дека инфлацијата е 0%. Нека е 2,3,5% инфлација, меѓутоа, како може каматната стапка од банките да биде 20%. За службите на банките треба само 1% да ги подмируваат трошоците, каде одат 19% од средствата, зошто ако инфлацијата е 0% барем 1% нека биде повисока каматната стапка од инфлацијата, а не каматната стапка со 20%. Кои инвеститори, кое стопанство може да поднесе со 20% каматна стапка во положба кога нема инфлација. Така да не е можно да се инвестира. Без инвестиции нема остварување приходи. Без приходи не може да се оствари прихдониот дел на Буџетот. Има ,многу што да се каже во. приходниот дел, но ќе кажам нешто за расходниот.

Расходниот дел вака како што се предвидува и поранешните години и оваа година немаме никакви критериуми за распределбата на средствата. Оттука поаѓа и незадоволството кај државната администрација. Тие критериуми јас не знам кога би можеле да се утврдат. Повеќепати сум поставувал закон за плати да се донесе, да знае граѓанинот, однос вработениот во државната администрација колку му следува, колку може да прима плата, колку надоместоци, колку за други трошоци. Кои се се незадоволни. Да почнеме од образованието. Образованието е незадоволно од ниските плати. Кој пресмета за еден, два, три и четири члена на фамилија колку се нивните потребни трошоци за проста репродукција да може човекот да работи, да има средства, сеуште различно се плаќа. Критериумите што се утврдени 1989 година, по тие критериуми сеуште се врши распределба на буџетот. Кои институции, установи, министерства. имале повисоки лично доходи, на тоа се надоградува а не може сите воопшто во државата кога се донесува буџет треба државата да донесе закон како ќе ги троши таквите средства. Сеуште го немаме тој закон, и не знам за неговата судбина. Некој да ми каже дека таков закон не може да се донесе и не треба и да

V/5.-

каже да се донесе тогаш и тогаш и да ми каже дали сум во право или не сум.

Понатаму реков дека сме незадоволни до платите, платите во полицијата, колку за нас, колку за ноќна смена, колку за прекувремено, колку за дежурство, колку за припремност, колку за дневница, колку за другите трошоци. Дали се тие средства човек да опстане. Мислам дека многу тешко.

Ист е случајот со царинските служби кои се изложени на ветер кој што работат под лоши услови. Како се наградени и дали тие средства задоволуваат или не.

Здравството, еве веќе штрајкуваат здравствените работници. Зошто? Што бараат? Па, дајте да се види здравството, како и на кој начин да го организираме да им се платат нужните животни трошоци да можат да живеат. Понатаму реков исто така другите установи.

Да го земеме примерот за Министерство за наука. Шест години имаме министерство за наука. Да видиме што тоа Министерство даде од науката во стопанството, кој производ го патентира, даде нов производ, помогна во стопанството за да добиеме некој производ. Зошто? Нема средства. Науката треба да троши средства и предлагам колку се предвидени дупло да се предвидат материјални средства да вложува, да изнаоѓа науката да се вклопи во стопанството да биде во Функција на стопанството. Науката е исклучена од стопанството. До кога ќе биде исклучено стопанството. Се додека науката биде исклучена од стопанството ние ќе немаме доход, ќе немаме производство, буџетот ќе ни биде мал, ќе бидеа незадоволна администрацијата која го користи буџетот.

Оттука предлагам да се донесе закон за плати, да се утврди, сите корисници кои користат од средствата за буџетот да знаат колку се тие средства и што може од овој Буџет да се анализира, да се прецизира да

се намалат материјалните трошоци, не сме во можност да покриеме вака високи трошоци, а да се зголемат на оние работници кои не се изедначени. На пример еден учител во Штип другиот во Виница има голема разлика или во Кочани еден наставник во една школа, во друга школа има големи разлики. Некои имаат разлика дури до 50%. Затечено како е 1989 година и така се надградува, а некој не ќе тоа да го анализира, не сака тоа со закон да го предвиди.

Во однос на земјоделието ние многу малку даваме на земјоделието и затоа тоа ни е такво. Ние сакале или не земјоделието мораме земјоделието да има примат и мора да се даваат средства прво регреси за потрошените материјали, да се регресираат, второ, да се дадат премии за своето производство. Некој треба да му гарантира на земјоделецот минимална цена ако не може да го продаде на пазарот да му гарантира.

Во однос на материјалните резерви, исто така материјалните резерви со никакви средства. Материјалните резерви и државни резерви имаат средства да откупат дел од тоа производство. Значи би требало и тука повеќе средства да можат да се пласираат во земјоделието за откуп на земјоделските производи.

Ваквиот начин на донесување на Буџетот што го правевме повеќе години а и оваа година мислам дека развојот на стопанството нема да има можност. Јас се прашувам, дадоа средства, 18 милиони долари кредит се задолжи ова собрание, изгласа односно и други 18 милиони 36 милиони исклучиво за земјоделието. Каде отидоа тие средства. Кој земјоделец прима средства, од овие средства се задолживме, досега нема каде отидоа дали може да даде некој одговор. Каде отидоа тие средства? Ние повеќепати донесовме закони се задолживме со средства од странство, кредити. Каде тие кредити се пласираа досега. Нема каде.

Постоечктие изградени капацитети да launches Целулоза од Кочани беше еден единствен капацитет во Југославија кој користи едно годишно растение слама. Еве дојде денес да оди под стечај. Работниците кој беа таму вработени 12 месеци не примаат плата, ниту примаат помош и беа на милост и немилост. Сега отидоа под стечај, сега ако примаат нешто помош. Дали не е поцелисходно да се изнајдат средства за ф-ка за целулоза и хартија нешто да работи, да произведува за домашното производство и за странство или да ја ликвидираме односно како што оди на ликвидација. Кој може да изгради толку скап објект како што е Целулоза - Кочани. Мислам дека правиме некои работи а тоа произлегува затоа што направиме анализа пред донесување на буџетот какво ни е стопанството, не направивме програма кои решенија че ги примениме, што ќе примениме во стопанството и од тоа доака Буџетот да не ни се остварува.

Работниците што работеа во Хардија и Целулоза сега се технолошки вишак - стечајни работници. Кога ќе може да се пушти таа фабрика. Колку средства ќе треба да се изгради нова фабрика, еве да ја немаме во Македонија, можеби е подобро да се звезува отколку да ј а има.

Организациите кои натаму имаат технолошки, технички проблеми, вршат извоз немаат никаков стимул. До кога нема да има стимул. Треба исто така да се предвиди стимул на извозниците кои имаат интерес да можат да излезат што повеќе.

Во однос на увоз имаме земја, сонце, вода недоволно акумулирана вода што треба инвестиции да се активира водата и да се зголеми производството. Зошто понатаму увезуваме земјоделски производи како што е месо, млеко и други вид производи. Зошто не ставиме карај тоа да не може да се увезува затоа што имаме ние површини, имаме земја, само треба работа, да се организираме и да работиме, и треба да

се додаваат средства. Сега ако посееме есента ќе жнееме, меѓутоа ако не се посее нема жетва. Па, заради тоа треба да се внесат средства, да се дадат на земјоделието, за да земјоделието на некој начин го стимулираме и покренеме за да биде тоа постојано развивано. Ние мораме за одводнување, за наводнување, за површините што ги имаме голини да ги разработиме. Тогаш ќе можеме да имаме поголеми средства и мислам дека и другите артикли како што е брашно и др. не треба да се увезува, треба да ги произведуваме. Јас можеби малку одударам, но јас мислам дека треба да имаме не еднодневни потреби, туку треба да имаме месечни , годишни и повеќегодишни програми што треба на граѓаните, кој може тие артикли да ги произведе во земјата што е дефицитот да го увеземе, а што имаме повеќе да го извеземе. Треба да имаме програма затоа што само така ќе можеме да опстанеме.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, јас сакам да потенцирам два момента кои се однесуваат на Предлогот на Буџетот.

Едниот е Буџетот во функција на развојот и Вториот е рестриктиноста на Буџетот.

За првиот, во функција на развојот моите задачи произлегоа од Комисијата за економска политика и развој.

Прво, добро е што Владата за прв пат вака озбилно развојниот момент го става во функција на Буџетот. Мислам дека тоа е позитивна работа за државата. Таа преку својата фискална политика ја поддржува монетарната политика со околу 2 милијарди и 400 милиони денари за да се зголемат пласманите и со тоа веројатно ќе се намалат каматите и ќе почне инвестиционен циклус. Меѓутоа, во праксата ние можеме добро да испланираме меѓутоа јас сакам токму тоа да го ка&ам, дека секогаш не ни се случуваат работите така како што ги замислуваме Мислам дека е голема одговорност на Владата, особено на Министерството за финансии и на централната банка навистина да внимава оваа година како тоа ќе го направи, бидејќи знаеме дека ако само се појават повеќе девизи на девизниот пазар, ако се наруши стабилноста на денарот ќе се побрза веројатно да се спаси стабилноста на денарот, ќе се потрошат парите за откуп на девизи и нема да се реализира развојната компонента што сакаме да ја реализираме.

Каматните стапки веројатно не може да се очекува развој на политика со таква каматна стапка. Есконтнара стапка од 8,9%, знаеме каматите на деловните банки се од над 20% и немаме теоретски шанси да направиме развој со такви камати. И есконтната е многу висока, за 2 до 3 пати поголема од тоа што треба да биде и деловните банкарски камати се многу високи така да никој паметен во оваа држава не сака и

не треба да земе такви кредити, бидејќи е тоа лудост, бидејќи може брзо да пропадне или да работи само за банките. Така да мислам дека нормален човек, нормален стопанственик со такви камати нема да земе кредити и делот што сакам јас да го споменам, што е главна компонента на овој буџет мислам дека нема да се случи. Слушнавме дека и претседателот на Републиката потенцираше дека најважна работа за наредната година е таа и не смееме никако да ја утнеме таа работа бидејќи РМ касни неколку инвестициони циклуси, три инвестициони циклуси касни, па и овој ако го промашиме наредната година мислам дека ќе ни се случат навистина тешки работи. Тоа е голема одговорност за оваа работа.

Вториот момент кој сакам да го потенцирам е рестриктивноста. Просечна рестриктиност е 4,3, но со Буџетот се прават многу прераспределби на националниот доход по територии и носители. Ако јас го гледам моето опкружување со каква рестрихтивност е зафатено изгледа вака: Собранието во кое сме ние и стручните служби се за 8,5 пати порестриктивни од просекот на рестриктиноста. Значи, и ни сме погодени тука со доста повеќе, повеќе од Владата, веројатно Владата требало да биде со нас, меѓутоа мислам дека има помала рестриктивност.

Потекнувам од земјоделски крај каде субвенциите се рестриктивни за земјоделството 20 пати. Не четири и неколку пати туку 20 пати. Потекнувам од неразвиено подрачје каде рестриктивноста е дупло од просечната рестриктивност. Работам во фирма која е извозно ориентирана, стимулациите се рестриктивни таму за 15 пати. Значи, каква е шансата на окружувањето во наредната година кога се наоѓа во таква ситуација . Јас мислам дека можеби шансата е во првата компонента, првата развојна компонента. Мислам дека секоја паметна

идеја во наредната година треба да се поддржи во нашата држава, треба да се гледа тоа и секој паметен треба да му се даде некоја поволна финансиска. конструкција со кредити, со Европски просечни стапки, каматни стапки за да може да ја реализира својата идеја и веројатно да се впушти во некоја стопанска активност и да ја најде својата шанса за да му биде подобро.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Душан Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван птпретседателе, почитувани пратеници, сакам да искажам едно мое мислење, но воедно да ја искористам приликата да потенцирам и неколку моменти што беа предмет на расправа на Комисијата за стопанство при разгледувањето на пакетот на овие прописи односно закони, односно пред се Буџетот на РМ за 1997 год.

Всушност мислам дека во своето излагање министерот доста успешно преку аргументирани бројки, податоци ги искажа основните карактеристики за рестриктивноста на самиот буџет. Затоа сакам да кажам дека сето тоа од аспект, низ призмата пред се на стопанските субјекти кои учествуваа во расправата цениме дека има доста позитивни елементи без разлика што некои од нас може да забележи дека некој параметар во доволна мерка не ги изразува карактеристиките на рестриктивноста на Буџетот.

Втората димензија е развојната карактеристика што беше потенцирана и во излагањето и параметрите што се во функција и во интерес за остварување на развојната димензија, пред се на Буџетот кои за Комисијата за стопанство се прифатливи аргументациите презентирани не само во воведното излагање туку и во излагањето на Комисијата за стопанство. Од тука во интерес на времето мислам дека може да се очекува само мултипликацијата во каква конфликтна

ситуација ќе влезе врз основа на овие две карактеристики. Меѓутоа, времето ќе покаже до крајот на годината.

Имајќи го во предвид моделот за димензионирање на стопанскиот раст на земјата, концептиран пред се врз основите на фискалната и на монетарната политика, како основно мото за стопанските субјекти е прифатливо и оттука немаме резервно мислење за поддршка на Буџетот, но со едно укажување. Би било добро да се создадат услови за поддршка на извозното стопанство што не треба и се согласуваме да биде предмет на Буџетот. Во прилог на сето ова сакам да кажам дека немаме резервно мислење иако имаме укажување на девизната политика и проекцијата на платниот биланс за 1997 година како и целите и задачите на монетарната политика, но во многу нешто не се разликуваме во однос на укажувањата и во однос на сето тоа што е концепиран самиот буџетот како потреба. Воедно даваме поддршка за измените и дополнувањето на Законот за акцизи што е во функција за стопанските активности на просторот на РМ, како и Законот за промет на стоки, производи и услуги, Законот за персонален данок од доход како и Законот за данок од добивка, при што конечно е избегната двострукото оданочување.

Врз основа на ова сакам да укажам дека има и три амандмани од кои едниот се однесува за допрецизирање, другиот е во функција на Комисијата за финансии и буџет, но кога ќе биде предмет на расправа тогаш ќе се вклучиме.

Како Комисија за стопанство предлагаме овој буџет онака како што е концептиран со овие укажувања да биде поддржан не само од страна на членовите на Комисијата, туку и од пратениците од Републички парламент.

VI/5

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, во функција да го поддржам буџетот излегов да кажам одредени мои забелешки во смисла на одредени ставови, стапки кои се дадени во Буџетот, иако немам намера да зборувам за тоа како и кои ефекти ќе ги даде овој Буџет затоа што не се осеќам толку стручен и способен за оваа работа, но во функција, ако е целта на овој Буџет да го поттикнува развојот за 1997 година јас мислам дека одредени ставки и тоа како би влијаеле во тоа, а се испуштени или маргинализирани или пак помалку им се обрнало внимание.

Ако добро се сеќаваме пред неколку месеци ние донесовме закон за нова територијална поделба. Во тогашното образложение на министерот за правда беше речено дека новата територијална поделба има за цел рамноправен развој на сите делови од Републиката затоа што досегашната поделба и досегашната развојна политика на РМ доведоа до тоа да имаме апсурдни ситуации. Имаме ситуации каде што во РМ имаме густина на население од 700 жители на $км^2$ и густина на население од 0,5. Ако целта на донесувањето на законот за нова територијална поделба е една од целите беше токму тоа рамномерно да ја развиеме државата мислам дека со Буџетот што се предлага таквата цел тешко ќе можеме да ја постигнеме. Од причини што два основни механизам кои би можеле да поттикнат таков развој на Републиката како што е агенцијата за недоволно развиените во овој буџет и тоа како се рестриктивни.

И другиот дел, делот каде што се зборува за инфраструктурни објекти (канализација, фекални води) и тие се непримерно рестриктивни. Која би била целта и како би можеле тие да придонесат во развојот. Јас ќе бидам многу конкретен и многу пластичен. Во контакти

што ги имам во мојата изборна единица на едно прашање На еден мој ибирач дали е тој заинтересиран за кредите , било да се земјоделски или за во стопанство тој ми одговори и тоа како сум заинтересиран, но на жалост има и конкретен пример, Тој вели дека бил прв на ранг листата за добивање на еден таков кредит од 300 илјади германски марки, но не може да дојде до тој кредит само заради тоа што во тоа село немало вода за пиење. Тоа било причината што бил одбиен и тој не можел да го добие кредитот.

Друг драстичен пример што укажува на какви се проблеми наидуваат и како може да се поттикне развојот во недоволно развиените делови зборува за тоа, г-динот професор знае дека со месеци имаме одено во општина Сарај во село на 20 илјади жители не може и ден денес иако пред шест месеци е поставен стоматолошки стол да се искористи само заради тоа што нема вода за пиење. Во овој Буџет ние токму тие механизми кои би можел да постигнат развој, добивање кредити кои и тоа како бил ја смениле сликата во овие региони мислам дека немало место , или недоволно се обрнало внимание. Истото се однесува и за другата инфраструктура. На пример во стапката за опремување и електрификација на селата од 30 милиони денари се сведува на 16 милиони и 500 илјади денари, што исто така мислам дека би требало да се коригира.

Сигурно е дека една од главните причини би можела да биде и таа политичка димензија. Јас се сеќавам на едно интервју на еден познат политичар од Турција на прашањето за куртскиот проблем тој одговара дека куртскиот проблем е економски проблем. Сакам да кажам дека од ваквата нерамномерна развојна политика порано или покасно можат да ни се појават и политички проблеми.

Токму од овие причини сите стапки кои укажуваат и кои се за цел да се поттикне развојот во неразвиените општини или региони би требало во овој момент да се најде начин и да се најде метод како тие да

се стимулираат во овие општини. И одредени стапки, кои по мене, јас навистина се чудам како може и да постојат такви стапки, уште Тс1му фигурираат, иако со мали средства, како што е стапка за враќање од источно - европските земји, за повратниците, за матица на иселеници и не знам кој, не знам дали ние имаме таков буџет и не знам дали ние навистина можеме таквите работи и понатаму да ги финансираме и одржуваме од грбот на луѓето кои деноноќно работат за да го дадат својот данок.

Една апсурдна ситуација. Ако ние се определевме капиталните трошоци да ги намалиме, тоа е многу драстично направено, конкретно случајот со Собранието на РМ: Од 74 милиони минатата година оваа година се сведени само на 1 милион денари, додека така драстично не сме биле кога се работи за службите на Владата на РМ. Општите служби на Владата на РМ од 113 милиони, 199 6 година оваа година се само на 93 милиони. Мислам дека тука има место да се скратува во интерес да се поттикне развојот на земјоделието и недоволно развиените подрачја. Затоа што мислам дека може и администрацијата да трпи една година со демоде мебел или слични само да му се овозможи на еден регион да добие најелементарни услови за развој.

Ова се само некои ситни забелешки на предлогот на Буџетот инаку јас го подржувам со овие корекции.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, меѓу многуте корисници од нашата држава се наоѓаат и околу 176 илјади земјоделски домаќинства, околу 200 земјоделски претпријатија со 20-тина илјади вработени и околу 700 ридско - планински, погранични или заостанати села од полето кои што последните неколку години се ставени како

корисници на државниот буџет. Тие се ставени како корисници бидејќи на прагот на 21-от век сеуште немаат ниту патишта ниту вода, некаде нема ни струја, не знаат што е тоа телефон, лекар, и ветеринар, ретко доаѓаат и да не набројувам други проблеми што се присутни во овие села

Како пратеник од 10-тина илјади приватни земјоделци од 60-тина полски и ридско - планински и погренични села од битолскиот дел на Пелагонија моите забелешки по Предлог Буџетот на нашата Република за 1997 година се однесуваат на распределбата на буџетските средства за помагање на производството за храна и свртување на едно мало делче од буџетот за решавање на комуналните проблеми во овие ридско - планинско и погранични села, или сега во последно време и тие комплетно заостанати села во полето. Реков едно мало делче за овие погранични и ридско - планински села кои што пред очите на сите нас полека исчезнуваат од географската карта на,  би рекол, слободниот дел на Македонија

Инаку, и земјоделците и селата од овие средини што беа непогодни за изградба на социјализмот лицата за да можат да бидат корисници на дел од буџетските средства за добија пред три години.

VII/1/ДВ/лј

**ВЕЉО ТАНТАРОВ**: (продолжение)

Меѓутоа и селата и земјоделците изгледа кратко ке се радуваат на се она што го добија од Буџетот. Еве зошто:

- според креацијата на Буџетот за 1997 година, Буџетската помош на земјоделците и ридско планинските села во 19 97 година се планира да изнесува 1.400.000.000 денари. Од нив 678.000.000 денари треба да бидат наменети за помош на аграрот, а 740 милиони денари за решавање на проблемите на селата за кои веќе зборував.

Колку овие средства се помали или поголеми од средствата што ќе ги добијат другите корисници на државниот буџет, не знам, ниту сакам да правам некакви споредби на овој план. Меѓутоа, знам дека, благодарение на се она што е запишано во тефтерите за буџетот во изминатите години во 1997 година аграрот ќе биде најголемиот губитник на буџетската помош. Имено, во 1997 година, оваа помош на аграрот ќе биде помала за 50% од помошта во годината што си оди, значи оваа година, или близу за четири пати помала од буџетската помош што беше утврдена со буџетот за 1996 година. Ваква неправда на поделбата на државниот буџет освен земјоделците никој од другите корисници на буџетот никој не ја доживеа во оваа тешка година за нашата држава. И нешто друго.

Покрај ваквото намалување на помошта за аграрот горчи и вистина дека во годината што си оди од ветените 1.253.000.000 денари досега,на аграрот му се исплатени само 615 милиони денари. Кога и како ќе се исплатат другите обврски на буџетот спрема нашите земјоделци а станува збор за исплата на околу 350 милиони денари за премии за сончоглед, шеќерна репка, млеко и пченка, и регреси за семенска стока треба да каже министерот за финансии г-динот Таки Фити или пак министерот што го води аграрот. Нека му мислат тие како и на кој начин ќе стигнат до овие пари и ќе им спуштат на нашите земјоделци.

Инаку на овој план долгот на државата спрема приватните земјоделци од битолскиот дел на Пелагонија изнесува околу 1.100.000 ДМ а спрема комбинатот Пелагонија сигурно е 20 пати повеќе, бидејќи тој е најголем производител на храна во нашата држава.

Почитувани министри и пртеници. Со ударот за намалување на буџетските средства за помагање на аграрот во 1997 година, на земјоделците ќе им бидат одземени уште два, би рекло, буџетски благодети.

Прво, по укинување на премијата за пченица, мерка што се презема мината година и сите знаеме како се одрази на годинашното производство и откуп на оваа култура, ќе се укинат и премиите за сончоглед за шеќерна репка млеко и пченка.

Второ, се укинува и правото за регрес за квалитетни семиња за шеќерна репка, сончоглед, пченица јачмен, луцерка и други култури што се помалку ги има низ нашиве полиња.

Како и зошто дојде до укинување на премиите на регресите, се знае. Така да нашата независна, но за странски кредити секогаш презависна државичка, му засвирија г-дата од Светската банка и тука нема мрдаше, мора да се игра на ова оро.

Ние на притисокот на овие институции не можеме да му одолее и мораме да му играме така како што ќе ни свират, а до кога ќе играме така треба да каже некој друг.

Со укинувањето на премиите и регресите аграрот ќе се најде во мошне тешка состојба, во уште потешка и полоша состојба од состојбата во која падна по укинувањето на примарната емисија за организирање на селско стопанското производство.

Года пратеници и г-да министри, пред три години кога се укина примарната емисија однсоно кога се укинаа таканаречените поволни државни кредити за организирање на селско стопанско производство

однос финансирање на сите аграрни операции, никој не понуди никакви решенија за излез од аграрната кредитна криза. Нашите министри тогаш се задоволија само со тоа дека со укинувањето на примарната емисија за аграрот, се угасна едно од најголемите жаришта на инфлацијата, а што ќе биде потоа со аграрот никој не кажа ништо. Вие добро знаете што се случи по оваа антиинфлациона мерка. Така се случи масовно напуштање на плодните ораници. Се случи тоа што се случи денес да имаме над 150 илјади хектари напуштени и необработени земјоделски површини. Оваа слика, за жал, г-да пратеници е присутна и во нашата најголема рамница во Пелагонија, во рамницата која дава околу 2/3 од вкупното производи за храна на нашата држава. Без пари, г-да министри не може да се ора, да се жнее, и не може да се работи ништо.

Дали г-да министри, кога големата г-да од Светската банка и сега би рекол низ светската трговска организација порачаа да се укинат премиите и регресите што се користеа за потребите на приватните земјоделци, ја имавте предвид катастрофата што ја доживеа оваа гранка по укинувањето на примарната емисија. Зошто не се обидовте оваа мала, но за земјоделците голема помош од Буџетот да се скрие во некоја буџетска ставка. Сигурно тоа можеше да се направи.

Времето во кое се укинуваат премиите и регресите за аграрот е јас би рекол од тешко уште потешко. Оваа мала но единствена и значи на државна помош за производство на храна се прекинува во време кога нашиот аграр се наоѓа во една голема агонија, ни жив ни умрен. Без пари, и поволни кредити за орање, жетва и набавка на репроматеријали. Без никаква сигурност во откупот и исплатата на селско стопанството производство. Без да знаат земјоделците што да сеат и за кого да сеат, на кого да му го продадат она што ќе го добијат она што го посеале. Натаму, буџетската помош се укинува во време кога заради ваквите состојби запре набавката на земјоделска механизација. Ние долго време се фалиме дека имаме 50 и неколку илјади земјоделски трактори и

20 00 комбајни. Г-до пратеници, точно е така, дека имаме толку трактори и комбајни, меѓутоа тие се стари, дотраени, и неспособни за работа во нивите.

Г-да пратеници во редовите на приватните земјоделци три години со ред немаат купување ни на новите комбајни на нови трактори. Нема со што да се купи еден комбајн за кого денес треба да се произведат околу 130 тони пченица или еден трактор што не се купува без 30 тони пченица. Кој земјоделец со 3 или 5 хектари обработлива површина може да го стори тоа? Никој, па ниту некој помислува во наредниот период да дојде до таква механизација.

Со укинувањето на премиите и регресите за земјоделците оваа категорија на нечии работници, се бркаат од редовите на корисниците од државниот буџет.

Јас би прашал дали на Запад, таму каде што тргнавме да одиме за земјоделците нема премии, регреси или конвенции. Мислам, г-да пратеници дека има.

Земјоделците од јужниот сосед цел месец ги блокираа патиштата на својата држава заради тоа што нивната влада одби да ги зголеми овие погодности што ги користења од буџетот.

Инаку, во текот на нашиве комисиски работи по прашањата на буџетот некои од нашиве министри признаа дека во Европа има премии и регреси за фармерите, но рече дека тие средства се средства што се остваруваат во круговите на фармерските еснафи. Може би е така, но сигурно, во тие еснафски фондови над фармерите се слеваат и средства од државните буџети. Запад, измисли начини за заштита на своите фармери и на овој план работите добро им течат. И ние тоа треба да го измислиме. Зошто во нашава држава во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не се размисли за гормирање на една агенција за снабдување на нашите земјоделци со евтини земјоделски репроматеријали, со минерални ѓубрива,хемизација, итн.

VII/5.-

г-до, денес работите на овој план се изведуваат преку некои видни лица во нашава држава кои лесно доаѓаат до дозволи за увоз на овие репроматеријали, и се богатат на грбот на земјоделците. Зошто преку една таква агенција за снабдување на нашите земјоделци со репроматеријали не се овозможи маржата од тие репроматеријали да се намени за регрес и премии на земјоделците за кои денес зборувам дека се укинуваа во текот на идната година.

И на крајот почитувани пратеници, укинувањето на премиите и регресите за земјоделците, мора да признаеме дека во нивните редови ќе предизвикаат големи потреси. Нашите земјоделци кои во овој век беа дирекции на државата, имено во стариот систем како што знаете го полнеа државниот буџет со близу 25 давачки кон државата а во овие шест самостојни години со нивното евтино селско стопанско производство го чуваат социјалниот мир на државата, не требаше да бидат жртвувани пред меѓународната банка за обнова и развој заради новите аранжмани со оваа институција.

Министерот за финансии д-р Таки Фити во својот вовед за буџетот како утеха за земјоделците што се избркаа за буџетот кажа некои мерки со кои ќе се ублажи потресот од укинувањето на оваа буџетска помош. Имено, тој спомнал дека вистинските земјоделци се ослободени или ќе се ослободат од плаќање на данок од земјоделски дејност, дека за наше-то земјоделско има висока царинска заштита, дека се обезбедени повол-ни кредити во износ од 20 милиони долари и што е најзначајно постои замрзнување на промените во катастарскиот приход што се основа за давачките на земјоделците. Мислам дека овие мерки се недоволни. Земјоделците се истрошени и не можат да застанат на здрави нозе.

Еден мој соселанец кога слушна дека се укинуваат регресот и премијата на сончогледот, шеќерната репка, млекото и пченката рече - празни вреќи н еможат простум да стојат. Значи земјоделците се паднат на колена

VII/7.-

Јас напоменав дека во Буџетот скоро 3-4 години односно од буџетот користат средства и околу 7 00 ридско планински и погранични села. Во идната година и овие села ќе бидат ставени на тапет на овие рестрикции на буџетот. Имено, ако минатата година за изградба на патишта водоводи, потоа некаде училишта, здравствени амбуланти, и што не, по селата од полето, од ридот, посебно во пограничните зони, беа издвоени околу 900 милиони денари од нашиот буџет. Годинава овој износ се предвидува да изнесува само 700 и 40 милиони денари, односно 160 милиони денари помалку од минатата година, а некои г-да пак заговараат односно имаат поднесено амандмани да се скинат уште 50 милиони од оваа ставка.

Мислам дека агенцијата за развој на недоволно развиените подрачја, преку која се распоредуваат овие средства не треба да биде на удар на овие рестрикции. За ридско планинските и пограничните села мора да се најдат средства.

Јас користам прилика денес да кажам дека во битолскиот дел со помош на оваа агенција се изградени многу објекти, за потребите на риско планинските и пограничните села.

Лидерот на Либералната партија, г-динот Стојан Андов во предизборната кампања рече дека во Мериово е направена некое чешмиче со овие пари. Јас би сакал да го потсетам дека во Мариово со овие пари е изграден еден голем, капитален објект за Мариово, изграден е еден современ водовод, што водите од Кајмакчалан во должина од 17 км. стигнаа во Старавина, Грдешница, и Будинарци, и денес сите селани од овие села имаат вода во своите куќи. Денес во Мариово не се пие вода со букарина, со носење на вода од Мариовските реки.

VIII/1.-ПЈ/МЛ

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Денес во Мариово со водоводот тече еден нов живот. Значи, во Мариово не се пушти чешмиче, туку се пумпи вода за нов живот. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Пруси.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, се знае дека по својата природа Буџетот има карактер на потрошувач. Меѓутоа, сигурно дека можат да се најдат одредени сегменти во тој Буџет ако истите се финансираат па да добијат и карактер на развој. Овој буџет што ни е денеска даден јасно дека има, барем по мои согледувања, неколку сегменти што се запоставени, а кои што имаат карактер на развој. Пред се, би го дал Министерството за наука. За жал, еден подолг временски период ова министерство, односно да кажам или поточно научниот потенцијал на Републикава е доста запоставен, со тоа што едноставно не се вклучува во токовите на развојот на оваа Република. Или можам да кажам дека само одредени сегменти од науката можеби се фаворизираат, меѓутоа доста сегменти, како што се сегментот од природно - математичките науки, некако долго време се запоставува.

Јас овде не би сакал да зборувам за поконкретно научни проекти, кои што се, верувајте барем финансирани од страна на Министерството за наука со некои смешни суми од околу 4.000 или 5.000 марки, едноставно со тие средства може само да се излаже науката, односно да се излаже и научната јавност.

Би сакал да потенцирам нешто друго, би сакал да потенцирам дека во самото, односно Министерството за наука може да излезе како

носител на проекти кои што би го вклучиле научниот потенцијал, посебно би потенцирал во техничките науки, од природно - математичките науки во проекти кои што би биле интересни за развојот на стопанството во Република Македонија. Тоа, за жал, денеска не се прави. Ми се чини дека со одредени вложувања во тој сегмент доста може да се придонесе за развој на стопанството во Република Македонија. Верувајте, научниот потенцијал можам да кажам дека денеска, барем што се однесува од овие две области, едноставно вегетира со научни проекти, како што спомнав и порано, со суми кои што се навистина смешни и едноставно не може доста да се работи. Повеќето од нашите научни работници денеска соработуваат со надворешни институции, јасно, за да не заостанат во науката и научното издигнување, меѓутоа, проектите од овие научни институции, најверојатно, не се интересни за развојот на стопанството во нашата Република. Од тој аспект ми се чини дека ако не барем оваа година, тогаш идната година треба да се посвети едно многу поголемо внимание на научниот потенцијал во нашата Република.

Друг еден сегмент, кој што е доста интересен, тоа е сегментот на издвојуваше на средства за некои општествено - политички или други здруженија, кои за жал еден подолг временски период се финансираат само точно одредени категории на овие здруженија на граѓани, кои што се од едноставно бившиот систем, меѓутоа, како што знаеме ние после осамостојувањето на Република Македонија, еден голем број на невладини организации се појавија и во просторот на Република Македонија, кои што со своето делување придонесоа доста за едноставно за донесување на одредени средства од страна на меѓународни и слични организации. Само би спомнал дека еко програмата беше реализирана преку овие невладини организации, а таа еко програма

верувајте беше 3 милиони еки, што сепак не е сума за потфрлување. Меѓутоа и ден денеска тие здруженија, тие невладини организации едноставно не добиваат ништо од страна на Министерството за финансии.

Јас разговарав и со господинот министер и тој рече дека наводно никој не се јавил, меѓутоа, со одредени организации ми рекоа дека се јавиле. Можеби се јавиле на погрешна адреса, но еве денеска ова е поволна прилика да и пред камерите и пред телевизискиот екран да кажеме дека такви организации, барем како што кажа министерот можат да се јават и да бараат одредени средства за нивниот понатамошен развој. А тие, верувајте, имаат голема улога за носење на одредени средства од надвор.

Следен сегмент, се подразбира, кој што е исто така битен за развој е и образованието. Како што гледав од сумите кои што се предвидуваат во оваа година има одредено намалување. Тоа, за жал, пак би констатирал намалуваше, а ние треба да знаеме дека никако не смееме да го запоставиме образованието. Бидејќи сигурно дека со вложување во образованието, посебно во одредени сегменти на образованието ние само можеме да имаме подобар и подинамичен стопански развој во иднина, бидејќи јасно дека не смееме да заостануваме и во образованието на кадрите, кои што сигурно ќе ни требаат после извесен период на време.

Тука сигурно, јас не знам зошто се намалени тие средства, кога веќе се предвидува дека треба да се прошири образованието, посебно образованието на албански јазик во сферата на високото образование, веќе јавноста е запозната со одредени движења во оваа област, кога веќе се очекува од страна на Владата закон за Педагошкиот факултет. Се подразбира дека овој педагошки факултет мора да работи, мора да постои. Меѓутоа, тука треба да се земат предвид и бројот на наставниот

кадар. Се подразбира дека претстои законот за високото образование. Сега јас сепак не би сакал овде да навлегувам во одредени детали, меѓутоа и со тој закон сигурно ќе се имаат одредени интервенции во некои сегменти, во некои области каде што ќе треба јасно да се зголеми бројот на потенцијалните наставници во оваа сфера.

Друго што би сакал да кажам тоа се јавните гласила. Ми се чини дека и овој сегмент, можеби некој нема да го сфати, меѓутоа, многу е битен за развој на овој сегмент, посебно мислам за модернизација на одредени јавни гласила, како што е случајот со телевизијата, конкретно мислам на сателитската телевизија, МТВ треба некако да се организира барем едно два или три саати да има програма на оваа сателитска телевизија, поради тоа што ние едноставно можеме да ги запознаеме нашите граѓани, кои што живеат надвор со сите можности за и тоа што се случува во Република Македонија, меѓутоа еден битен фактор, кој што мислам е интересен исто и со стопанските движења кај нас и со можностите што оваа Република ги дава за нивно вложување, за вложување на нивниот капитал во Републиката.

Исто така, кога веќе сум кај јавните гласила треба да се има предвид дека барем што се однесува до радиото и телевизијата, треба да се прошират одредени програми на јазикот на националностите, посебно зборувам за програмата на албански јазик кога веќе еднаш би требало да се размислува, односно да се преземат точно одредени чекори како редакција оваа програма да премине во целосна програма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Котлар има збор.

(Се откажува од дискусија).

VIII/5.-

За збор се јави господинот Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министре и претставници на Владата. Јас би сакал да го искажам моето незадоволство од предвидените буџетски средства во Секторот за земјоделство, шумарство и водостопанство, разделот 140/01.

Прво, би сакал да укажам дека и во најтешките моменти при ембаргото на Република Македонија овие наши измачени земјоделци го хранеа нашиот народ. Целиот товар беше на нашите земјоделци, на нашите задруги, на нашите комбинати. А сега со право од оваа говорница тврдам и укажувам дека и најголемите рестрикции, поткинувања и вложувања сега за наредната 19 97 година се токму во аграрот, токму по грбот и по џебот на нашите земјоделци, кои навистина наместо да бидат во овој момент наградени со поголемо внимание, со повеќе средства обезбедени, напротив, еве што доживеа нашиот аграр. И понатаму на сите нивоа дискутираме дека стопанството во Република Македонија е на најниско ниво, не работат многу индустриски капацитети. Значи, индустриското производство перманентно опаѓа, невработеноста расте, а од друга страна се потпираме само на развојот на земјоделството.

Почитувани пратеници како е можно и понатаму овој феномен и оваа политика да ја оправдаме, да ја поддржиме, бидејќи и во нашите средни земјоделски училишта и во нашиот Земјоделски факултет едно време учевме да произведуваме и е можно да се организира земјоделско производство само со финансиски средства. А сега, при овие 678 милиони денари симболично што Владата ги издвои за аграрот за 1997 година, навистина, јас не знам дали е можно и воопшто организација на едно, да кажам бедно производство.

Убеден сум со една ваква политика ако се продолжи и понатаму дека нашиот аграр, нашето земјоделство набргу ќе спадне со својот развој од пред 40 години. Така стојат работите сега. Зошто го зборувам ова? Ние на нашиот земјоделец, а се 80 и повеќе посто се земјоделци, приватни земјоделци, ние на нашиот земјоделец наеднаш, со една рестриктивна политика му ги скинавме сите, да кажам бенефиции и она што му следуваше. Сите субвенции ги скинавме, сите регреси за семиња, за репроматеријали, ги скинавме и јас не знам како е можно и понатаму да се организира едно земјоделско производство да го прехрани и понатаму овој наш македонски измачен народ, а камо и да се залагаме дека Македонија може и да извезува, односно да произведува и за извоз. Јас сум убеден, верувам и од вас многумина сте убедени дека нашето земјоделско производство не може со вакви средства да биде организирано во никој случај за извоз, ниту пак може да биде конкурентно на европскиот пазар.

Јас мислам дека Владата можеби и не би ја поддржала оваа политика, конкретно во аграрот да бидат толку многу и остри оние потскусувања на финансиските средства на Буџетот. Јас сум повеќе убеден во едно друго прашање дека претставниците на Министерството за земјоделство, или министерот кои биле,за жал што не се овде, а многумина од пратениците токму на ова прашање дискутираа за аграрот во 1997 година. Јас сум убеден дека Министерството аз земјоделство, односно претставниците од Министерството за земјоделство во нивното присуство во Владата не било на доволно ниво, односно презентирањето на аргументите за катастрофално лошата состојба во аграрот што е сега и што се може да се случи понатаму дека тоа е основниот мотив што е прифатен еден ваков буџет, односно вакви буџетски средства за наредната година. Ако претставниците на Минис-

терството за земјоделство биле доволно јасни и навистина реално би ја прикажале состојбата каква е сега во аграрот и каква може да биде, јас мислам дека ниту еден од другите министри, ниту пак премие- рот би ја прифатил една ваква рестриктивна политика во аграрот. Меѓутоа, што е тоа е. На нас е понуден буџет невиден, не за Македонија, невиден нема да се случи мислам во ниту една друга европска земја.

Од порано се издвоени од буџетот се предвидени 80 милиони денари за субвенции во земјоделството. Тоа е само 13% од средствата што биле издвоени минатата година. За поттикнуваше на земјоделското производство се издвоени 366 милиони, 990 илјади денари, или за 45 милиона денари помалку. Јас мислам тоа не се гледа и од досегашниот приказ што е реализирано во 1996 година. Дали и се сомневам и овие средства што биле предвидени во 1996 година се навистина вложени токму во аграрот и во земјоделството. Исто така, се сомневам и на овие симболични средства што сега се предвидени за развој и поттикнување на земјоделството дека навистина ќе бидат вложени таму кај што е и најпотребно.

**ИЛИЈА КАРОВ**: (Продолжение)

Почитувани пратеници, многу од нас потекнуваме од земјоделски средини и доста од нас ја знаеме состојбата во земјоделието каква е. И навистина ја сносиме одговорноста ако ја подржиме, поготово ако го подржиме токму овој дел од Буџетот за вложувањата во земјоделието. Јас не можам да ги прифатам сите овие поткусувања за регресите за семиња, за репроматеријали, за развој на аграрот било да се работи во приватниот сектор, или во задругите. Јас лично не можам да го подржам овој Буџет со вакви издвојувања . Верувам дека и многу од Вас го делите истото мислење и си преземаме една голема одговорност на себе да ја подржиме ваквата политика во аграрот во наредниот период дека навистина ќе дојде до голема стагнација до голема беда во земјоделството, односно во аграрот во Република Македонија. Одговорноста е наша. Ова навистина ќе има далекосежни последици во стагнацијата во аграрот во Република Македонија. Оттаму јас лично не можам да го подржам овој Буџет и апелирам до Вас и до Министерството ако е можно за овие средства за овие намени во земјоделието да бидат нешто променети. Се спомнува дека аграрот ќе го подобриме односно една светла перспектива дека во наредниот период ние ќе им дадеме кредити, ќе издвоиме. Ние со такви кредити го лажеме нашиот измачен земјоделски народ веќе две години им ветуваме за еден месец, за два месеци наесен, на пролет да очекуваат кредити за развој на земјоделието. Еве па и сега слушнавме дека со новиот закон за царини и со кредитите што ги очекува Република Македонија, а која перманентно се задолжува во странство и никогаш да стигнат до правиот земјоделец , јас исто така се сомневам и за овие кредити дека ќе стигнат навистина средствата до голем број земјоделски производители.

Се сомневам во тоа. Би се поделиле веројатно многу малку средства па оттаму и не можам да ја оправдам оваа филозофија што ја изнесе министерот дека развојот на нашето земјоделие го гледаме само со едно вакво парцијално кредитирање. Тоа е добро, меѓутоа ако му се дадеше шанса уште година, две,три да оваа рестриктивна политика не беше како што сега се нуди наеднаш, туку укинувањата да одеа постепено, да имаше веќе вложено кредитни средства во РМ, односно во аграрот па така земјоделците ќе се привикнеа да го организираат своето производство со дел од овие кредити што им се нудат, се разбира со многу олеснителни околности. Меѓутоа, сега како што е состојбата кредити нема, а сите поткусувања, односно скратување на буџетските средства се направени, па навистина не знам кој земјоделец тоа може да го издржи да организира едно успешно земјоделско производство.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, велат за нас кои што се занимаваме со политика дека политичарите се обично оптимисти и гледајќи ја предложената макроекономска политика и Буџетот кој што денес го разгледуваме сметам дека изгледа премногу отидовме во оптимизмот и сметам дека треба малку да слеземе во реалноста и малку пореално да ги гледаме работите. Имено имајќи во предвид што на денешната седница разгледуваме како што рече г-динот Стојановски едно од најважните прашања кои што во текот на една година се наоѓа пред пратениците, сметам дека со одредени свои дискусии можеме да придонесеме за поквалитетни решенија. Но, сепак сите ние пратеници овде сме барем на тој план ограничени и еден вид би рекол спречени. Имено тоа би произлегло, барем тоа е мој заклучок од тоа што најголем-иот дел на законски решенија и кои што го пратат Буџетот и кои што

денес, или утре треба да ги донесеме ги добивме во саботата, или во понеделникот, а некои можеби и денес и тука навистина како пратеници сме спречени поквалитетно да учествуваме во расправата. По мое мислење оној што ни ги доставувал или смета дека ние пратениците сме многу паметни па можеме во еден ден да прочитаме десетина законски решенија и те како важни и квалитетно да решаваме, или пак смета дека во недоволно време за да ги разгледаме ќе не можеме адекватно и квалитетно да им парираме во расправата. Јас се сметам во оваа другата група, не во онаа прва група на пратеници и затоа навистина сметам дека сум спречен во одредени решенија и по детално да навлеземе во расправа.

И на крајот во овој уводен дел би рекол и следново. За да оваа расправа денес беше уште подобра и поквалитетна сметам дека ние пратениците требаше навремено да ја добиеме и анализата за остварувањето на макроекономската политика во 1996 година која што ја разгледуваше Владата за жал денес по некои канали некои од пратениците успеавме да дојдеме, но тоа е многу касно како и во прилог да ни се доставеше динамиката на извршувањето на Буџетот за 1996 година и врз основ ана тие документи ќе можевме многу поквалитетно да ги компарираме ново предложените решенија и врз основа на тоа навистина со чиста свест да можеме да расправаме за Буџетот и во крајна мерка кога тие услови би се исполниле и да би го подржале, или да видиме дали се оправдани овие решенија кои што ни ги предлага предлагачот. Со оглед на тоа што таквите реченија и таквите услови не беа исполнети навистина ние се наоѓаме во една незавидна положба.

Би се задржал на четири сегменти доста накратко кои што се предложени и во макроекономската политика за 1997 година и кои што се

тесно поврзани со Буџетот. Имено реков заради тоа што не можевме подетално да ги разгледаме останатите документи прашањата на кои што би се осврнал би биле повеќе во вид на дилеми. Имено во макро економската политика се вели дека ќе продолжи забраната за исплата на плати и надоместоци во натура и бонови. Јас целосно го подржувам ова залагање на предлагачот, но истовремено го поставувам прашањето. И минатата година рековме дека ќе се забрани целосно исплатата во натура и бонови заради тоа што се нанесува директен удар на платниот промет во Република Македонија и се доведуваме до причина да државата со оглед на тоа што не може да ги контролира тие два сегменти да не може да си ги собере своите пари. Сега го поставувам прашашњето. Зошто пак предлагачот оваа година не излезе со податок, кој во Македонија, кои стопански субјекти работат со бонови, кои стопански субјекти исплаќаат во натура. И на крајот колкава е количината односно колкава е масата на тие бонови кои што се наоѓаат во Република Македонија и колкава е штетата која што ја трпи државата врз основа на исплатата на бонови и натура? За да бидам сигурен и убеден дека навистина тој дел од макроекономската политика ќе биде остварлив навистина ми беа потребни тие податоци точно да се изнесат пред пратениците.

Втор сегмент кој што сакам да го посочам и кој што кај мене предизвикува дилеми од макроекономската политика е тоа дека во целиот текст преовладува залагањето дека ќе се обезбедат услови за постабилно и поконкурентно стопанство во РМ. Само две причини би навел кои што ме наведуваат да сметам дека тоа нема да се оствари Пред неколку дена бевме сведоци на поскапувањето на дериватите. Во макроекономската политика се вели дека ќе се изедначи летната и

зимската цена на електричната енергија, односно на струјата со донесувањето на нов тарифен систем. Се поставува следното прашање или следната дилема, дали поскапувањето на дериватите директно нема да влијае на цената на чинењето по единица производ.

Второ, дали до донесувањето на новиот тарифен систем цената на електричната енергија нема да ги зголеми трошоците на производство, односно трошоците по единица на производ во стопанството. Моето мислење дека тие две поскапувања како еден дел само директно ќе влијаат на зголемувањето на цената на чинење на производството, а со тоа директно ќе влијаат на намалување на конкурентната способност на стопанството.

Третото прашање, третиот сегмент кои што многумина овде го начнаа и за кој што доста дискутираа е прашањето по однос на земјоделието. Имено во делот на макроекономската политика каде што се зборува за политиката на цени, а се однесува на оној дел за цените на земјоделските производи се напушта системот на заштитни цени кај одделни производи. Имено на заштитната цена на шеќерната репка и дел од другите производи. Остануваат пченицата, јагнињата, јунињата и мислам тука се завршува со заштитните цени.

И во вториот став по однос на тие цени се вели дека ќе се овозможи утврдуваше на заштитни цени во паритет со светските цени. Ова залагање, ова прашање навистина отвора една голема дилема Не би сакал да бидам погрешно сфатен дека сум против вклучувањето на нашето земјоделие во светските текови и на светскиот пазар, но морам да кажам едно нешто. Барем моите сознанија колку што се и она што можам досега да го видам. Ако некаде во светот, државите имаат директно влијание во некоја стопанска гранка, тоа е тогаш само

земјоделието. И ние можеби отидовме премногу далеку во тоа, или е убаво, звучно пред јавноста дека пазарно стопанство, пазарно стопанство за земјоделието. Го поставувам следново прашање како дилема. Сметаме ли дека нашиот земјоделец во овој момент е веќе спремен да излезе на ударот на светскиот пазар на земјоделски производи. Имено Вие знаете сите дека во Западна Европа какви дилеми имаше околу аграрниот потенционизам помеѓу одделни земји. И дали ние сега овој момент навистина нашиот земјоделец нема да го втурнеме во нешто од кое што тешко ќе може да излезе. Не треба да заборавиме едно дека до вчера нашиот земјоделец имаше такви ограничувања кои што не можеше ни оној што најлошото му го мислеше да му го смисли. Заборавивме ли до вчера дека нашиот земјоделец имаше ограничен аграрен максимум. Смета ли дека сега веднаш нашиот земјоделец има толкаво земјоделие, толкава површина дека ќе може веднаш да се вклучи во таа светска конкуренција. Морам како една анегдота но треба некој да го сфати тоа дека детето ако веднаш го пуштите на улица ќе се најде во една незавидна ситуација од сообраќајот со кој што ќе се соочи. Бидете убедени дека и нашиот земјоделец со една ваква политика која што сега ја заговарате дека ќе се најде во една таква ситуација да не може да се снајде на тој светски пазар. Мислам дека треба да ни се одговори на прашањето дали изедначувањето, односно утврдувањето на заштитните цени на земјоделските производи во паритет со светските цени значи дека нашата пченица ќе има и пониска цена откупна и од оваа заштитна цена од минатата година. Она што можевме да го чуеме, односно да го прочитаме во весниците, а не знам колку е точно, но се зборуваше за тоа дека таа цена би изнесувала некаде 70% од сегашната која што би се изедначила со светските цени. Морам да Виречам, да го кажам следново дека навистина е не да речам лага , но илузија некој да

смета дека земјоделските производи во развиените земји немаат премии и регреси. Ако тоа од една страна го немаат, анализирајте ги влезните цени на трошење на производите кај западните земји, анализирајте ги кај нас. Јас имам некој податок дека кај нас за производство од некаде од 4 до 5 тона производ на пченица да се постигнат тие приноси во овој момент нашиот земјоделец троши околу 31 илјада денари, а со постојнава цена која што му ја даваме од 10 денари и нека не е намалена ќе има приход од 40 илјади денари. Смета ли дека некој ќе може да опстане во едни такви услови. Бидете убедени дека тоа ќе не може, затоа што еве баш сега луѓево овде кои што се присутни го посочија фактот дека само еден трактор чини околу 9 до 10 илјади западно германски марки. Сметам дека со таквата политика навистина ќе го доведеме земјоделското производство во една незавидна ситуација. Посебно ова ќе се однесува на оние региони кои што скоро исклучиво ги произведуваат, односно се застапени овие земјоделски култури како што е Пелагонија каде што претежно производството е пченица, шеќерна репка. Им дадовме нови општини, ама сега ќе им го земеме она што со години го имаа. Речено е дека Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и другите меѓународни финансиски институции ни предлагаат и сметаат дека треба да се укинат премиите и регресите во областа на земјоделието. Јас во прилог на тоа би подржал, нека стои ставката нула сега за премии и регреси, но претставниците на Владата со оглед на тоа што сметаат дека имаат такви овластувања нека извршат пренамени во рамките на одредени ставки и од каде што Светската банка нема да види дека сте дале премии и регреси. А како факт ќе Ви кажам едно, во Буџетот за оваа година немавме ребаланс, немаше

ставка за така нареченото К-15, па еве се исплати што со драга волја го подржав за тие буџетски организации, а минатата година бев еден од потписниците на амандман за К-15 да има за буџетските корисници, но тогаш не беше усвоен со оглед на тоа што се рече дека Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд не тераат да ги напуштиме тие социјалистички некои традиции кои што ги имаме. Па еве на таков начин сега затоа што се работи за приближно иста сума на пари за околу 300 милиони денари за некаде откуп на 130-тина илјади тони пченица и дел од 60-тина илјади тони шеќерна репка, па еве нека се изнајде начин околу тие 300, 350 милиони денари да се надокнадат.

И на крајот за земјоделието би завршил со следново, навистина ме интересира дали министерот за земјоделие се согласува со ваквата политика. Ако се согласува, тогаш и она обврска што ја имаше од пред неколку седници која што ја имавме треба овде пред овој Парламент да излезе и да каже дека политиката која што се предлага за земјоделието е вистинската политика и дека тој стои зад таа политика и дека тој има решение дека навистина земјоделците ќе бидат во добра состојба. На крајот би завршил уште со еден дел од Буџетот, имено во однос на приходната ставка се вели дека последнава година се очекуваат околу 200 милиони денари од приватизација согласно Законот за приватизација на претпријатијата во општествена сопственост. Јас морам да Ви кажам дека навистина и ова ќе мора да се дообјасни од следниве причини. Имено за 1995 година по завршната сметка имаме 122 милиони денари по основ на приватизација. 1996 година е предвидено 400 милиони денари, не знаеме до крајот на годишната колку ќе биде и за 1997 година се предлага 200 милиони денари, односно

не се предлага, се смета дека толку би се присобрале. Тоа вкупно би изнесувало некаде околу 722 милиони денари за 1995, 1996,1997 година. Се поставува едно прашање,на едно мое пратеничко прашање ми е одговорено дека до 30 август, овде го имам одговорот официјален од министерот Бекир Жута.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ**: (Продолжение)

До 30 август 1996 година по основ на приватизација остварено е 141.524.733 ДМ од кои 61% се по основ на замрзнати девизи 34 милиони се или 24% по основ на обврзници што значи останатиот дел од 34 милиони ДМ останува дека е наплатен во готово. Ако е така 34 милиони ДМ наплатени во готово изнесуваат околу 900 милиони денари Тоа е до 30 август 1996 година. Тогаш се прашувам зошто до 1996 година излегува дека има само 522 милиони денари. Навистина е нејасно и барем нам на пратениците овде< и на јавноста треба да ни се образложи

По однос на приватизацијата имаме поднесено амандман по еден од законите кои по тоа следат и прашањето е зошто навистина ние како Парламент иако сме законски најодговорни и законски одредени да донесуваме програма по предлог на Владата за трошењето на парите од приватизација ниту за 1995 ниту за 1996 година не донесовме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, сите сме свесни дека Буџетот е многу важен акт, еден од најважните што во текот на годината Собранието на државата го донесува. Оттука се отвора прашањето како треба да му се пријде на донесувањето на буџетот. Се разбира ние кога сакаме да бидеме парламентарна демократија кога велиме дека сме станале парламентарна демократија тоа не треба да биде само по форма, туку и по содржина. Вие знаете дека во сите земји со парламентарна демократија најголемо внимание се посветува на буџетот редовно се донесува во две фази и со месеци се водат преговори меѓу заинтересираните страни пред се меѓу оние кои се на власт и опозицијата да можат да најдат што поблиска солуција која ќе ги

доближи гледиштата на двете заинтересирани страни за потоа и оние кои се корисници на Буџетот да знаат дека рамките на можностите кои им се даваат во текот на годината произлегле како резултат на еден висок степен на политичка согласност, а и оние кои треба да го полнат буџетот исто така треба да знаат дека инструментите со кои ќе се зафаќа во нивната каса, во нивниот џеб се постигнати и донесени со висок степен на согласност. Вие добро знаете дека и во Американскиот Конгрес и во Сенатот посебни комисии од двете партии и пратенички групи се прават, па многу долго) преговараат како ќе се решат основните прашања кои се отвораат секогаш кога се донесува буџетот. Истото е и во другите земји. Еве скоро ни беше еден министер за финансии му беше гостин на нашиот министер од една земја во транзиција со повисок степен на стабилност на економијата, па убаво му објаснив дека три месеци работат во Парламентот на буџетот. Што е нормално. Зошто е потребно такво внимание на буџетот да се посвети? Буџетот е «ногу важен инструмент во поврзувањето на економските текови во земјата, на нивното димезионирање, на нивното обликување. Нам од година во година ни се случуваа исти работи. Во 1994 година моравме на брзина да го донесеме заради тоа што имавме избори и Владата на 20 декември ја составивме, па немаше чаре на 26 декември веќе го донесовме буџетот. Минатата година, како што знаете, некаде на 24 декември донесовме ребаланс, па по два три дена го донесовме Буџетот. Меѓутоа, таа практика очигледно не е добра. Таа практика не води во води кои можат да не однесат каде не сакаме. Не води во услови на притисок да се донесе буџетот. Владата го утврди буџетот на 2 декември, го испрати до Собранието, навистина, но макро економската политика чиј составен дел е буџетот е утврдена на 17 декември. Нешто наопаку поставено. Наместо да се донесе, утврди расправи макроекономската политика и тоа јавно со сите други заинтересирани страни, па во тој состав да се утврди буџетот, да се утврдат проекциите на монетарната маса, на

девизната политика па сите овие инструменти за собирање на даноци, се направи обратно. Обратните патишта кај нас се многу чести.

Еве денеска разговараме за буџетот, а треба на збор да му веруваме на министерот дека тие имаат направено анализа за остварување во шесте месеци и дека до крајот на годината ќе се оствари некаде 92-93% приходите. Во некоја земја расправата по буџетот е прво распра за остварување на тековниот буџет, па донесување вистински смерници и заклучоци во кој правец како треба да се подготви буџетот за потоа да се подготви и да се донесе буџетот. Ние немаме никаква претстава за тоа што се остварувало и како, ние како пратеници, Владата можеби има, но ако има а не даде тогаш не е добро. Нешто прикрива.

Ако се оствари буџетот односно приходите 92-93% велат висок степен е на остварување, но добар дел не се оствари. Но, ние не ги знаеме долговите на буџетските корисници. Не знаеме колку буџетот во 1997 година ќе пренесе долгови на корисниците од 1996 година. Она што не е искажано во остварувањето на буџетот кај расходите, не ја знаеме судбината на тие долгови, не знаеме до кога како ќе се плати, како ќе минат доверителите на буџетските корисници на кои не им е платено, кои инструменти ќе се применат, дали ќе има пребиваше на новите обврски со долгувањата. Дали ќе има затворање кругови со некои други ефикасни плаќачи на буџет па тие побаруваат од тие кои се доверители на буџетот и тн. Тоа треба да се знае. Тоа треба да биде јавен документ. Тука нема таинствености, нема произволности на некој чиновник во финансии или на министерот, нема право така да биде. Тој сепаратен третман на буџетот за 1996 година од буџетот за 1997 година, тој сепаратен третман на Буџетот за 1997 година како предлог овде пред да се утврдат сите други аспекти на макроекономската политика не е присутен само сега во овој случај кога сега ние разговараме што ни се случува, како се дошло

X/4

до предлогот, како раcправаме,во петокот ни дојде пакет кој вчера ни го поделија, од закони кои треба да имаат битно влијание на остварувањето на политиката на буџетот. Тоа е присутно овде од како се одлучивме да одиме на стабилизациона политика. Тој сепаратен приод на поедини сектори во нашата економска политика не онемоќува да ја видиме вистинската поврзаност и да ги предвидиме вистинските ефекти на една вистинска стабилизациона програма во земјата. Затоа нам што ни се случи? Веќе 1993 година ние со шок терапија во монетарната сфера минавме на крајно рестриктивна монетарна политика. Ако знаевме и сакавме да направиме стабилизациона програма моравме да знаеме дека фискалната сфера, буџетската сфера има своја улога која не смее ни во еден момент да се запостави и која мора да ја следи, да оди со рестриктивната монетарна политика. Сега се обидуваме да видиме како ќе интервенираме и издвојуваме две милијарди и четиристотини милиони од кои милијарда и шестотини милиони денари се за ублажување на рестриктивноста на монетарната политика, а другото треба да оди евентуално на откуп на девизи, барем така јас ја сфатив шемата, речено рамковно. Меѓутоа, рестриктивната монетарна политика природно за неа да го осиромаши пазарот со понуда на пари а да дозволи понудата и побарувачката да ја утврдува цената на парите и плус тоа слободно формирање на каматите. Кога се случи кај нас ако тогаш имавме кога ни беше многу полесно буџетот не беше воклу оптоварен со социјалната функција не беа дефицитите во фондовите немаше четири милијарди или пет милијарди за социјална помош, разни социјални помошти што ги имаме, тогаш можеше да се применат поефикасни инструменти слични на ова сега што почнуваме еден дел од буџетската потрошувачка да се имобилизира и стави како депозит во Народната банка да може да функционира како додатна понуда на евтини пари за да се овлада дивеењето на каматите кое тогаш се случи.

X/5

Или барем што ги предлагавме со буџетски ослободувања или намалување на даноците што можеше да се направи иако е подобро ова второто да се создадеше простор во калкулацијата на стопанските субјекти, на фирмите да не западнат во кумулација на обврските и нивно прогресивно зголемување и да не дојде до овој број на стечаи и до овој број на имобилизација на капацитетите и до овој број на луѓе на улица кои се социјални случаи, што е уште поважно таа сугестија, колку мене ми е познато беше дадена веќе на почетокот на 1994 година од меѓународните финансиски институции. Се прикри не се кажа овде, не се примени. Се мислеше дека сепаратно е можно само со монетарната политика дека е можно да се овлада со стабилизационите текови се разбира дека тоа не е точно.

Сега ни текна и се свестивме дека мора да се направи напор прво буџетот да е рестриктивен, а потоа во рестриктивниот буџет да се најде простор кој со методот на депозит ќе биде имобилизиран и како евтин капитал ќе се даде на Народната банка и таа ќе ги насочува низ комерцијалните банки да може да влијае на понудата и условите на понудата и каматите да почнат да се овладуваат. Меѓутоа, сега тоа е многу тешко да се направи. Зошто? Затоа што кога требаше да го направиме не го направивме, ги затворивме претпријатијата, ги упативме луѓето на социјална помош е сега нивниот трошок е голем, се разбира. Сега е ограничена можноста нешто да се направи. Затоа целина та на стабилизационата програма е неопходна од првиот почеток и стално тоа го збориме и не може да се воспостави дијалог, нема со кого заради тоа што кој знае од кои причини и преговорите со светските институции и работите во Владата се зад грбот на јавноста.

X/6

Сега во овој момент се свестивме дека нешто преку буџетот можеме да делуваме на целата монетарна сфера иако тоа светот го знае и го прави од почетокот. Но, нам ќе ни остане сега нешто друго, бидејќи го растуривме производниот организам на земјата и голем дел претпријатија, еден добар дел од нив извозно ориентирани заради тековно паѓање во тешкотии со обртни средства тековни средства работи и заглавија заради тоа што овие механизми не ги воспоставивме, не знаевме да ги воспоставиме сега нам ни се отвора еден друг геп, ние мораме волку за глупоста што ја направивме овие три години да даваме волку голем обем за социјални потреби не можеме ниту производството доволно да го оживиме ниту да ја зголемиме конкурентноста на нашите извозници, бидејќи тоа е така се разбира извозот опаѓа, сега земјата се задолжува. На стихијно ни расте долгот. Еве слушаме за да можеме да го затвориме гепот кој се отвора по надворешно - трговската размена од оваа година и затворањето на системот за плаќање во странство со 85 милиони долар колку што разбирам, одиме на донаторски состанок т.е. треба да ни подаруваат. Јас сметам дека е можеби ред да ни подарат за да си го платиме долгот доспеан по кредитот од Европската инвестициона банка за да можат да не примат во кругот за да можат да се создадат претходни услови за да работиме, да се ефектуира, ако е тоа причината и тоа големо прашање зошто не е потпишан и не е ефектуирана спогодбата со Европската унија. Зошто не се завршени протоколите и околу тоа има илјадници мистификации. Никој, без да му трепне окото, те лаже. Вели сите протоколи се готови, парафирани кога ги бараме не може да ги даде вели се преведуваат, а сега велат не, не се ни готови, не се ни преговара, уште не почнале преговорите. Затоа целиот сектор на надворешно - трговската размена сега и на извозот и на девизните плаќања сето останува за некое идно време. Сега ние треба да претпоставиме дека таму нема да се кумулираат вакви тешкотии, како сега што ни се кумулира во социјалната сфера, додека ние се

занимаваме со социјална сфера и со ситни поттикнувања на поединечни мали и ситни претпријатија и за тоа може нешто да се каже кога е дометот и што можеме да направиме нам може да ни се наталожи голем долг спрема странство кој потоа ќе ти биде лимитирачки фактор сето ова што си го правел да не можеш да го ефектуираш. Затоа ние велиме дека немаме програма. Ние имаме програма која во тој момент сме разбрале дека треба да се направи бидејќи немало каде да изврдаме па сме прифатиле рестриктивна монетарна политика. Денеска кога видовме дека таа рестриктивна монетарна политика сама ќе не убие, како што не уби и не испокрши, така е, секој лек ако го земаш претерано е отров. Ни текна и ни покажаа дека треба нешто и буџетот да делува се одлучивме да го воведеме и него како инструмент но уште не сме изградиле вистински став како ќе го санираме целиот проблем на платниот биланс, бидејќи така е секогаш долгорочен проблем кај сите ние таква политика, таква програма сега немаме.

XI/1 сј/вц

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Ние можеме во извесно време оваа, дури и идната година под услови да ни раснат долговите да оживееме нешто од стопанството, да ни се зголеми индустриското производство и општествениот производ, ќе биде истата грешка ако целината на стопанските движења не си ги улагал, а ќе ти се врати потоа како ограничувачки фактор, големиот долг ќе те натера пак да правиш рестрикции и од почеток се ќе мораш да работиш и т.н. и т.н.

Сега, кога сме, и оценките што ги даде министерот за тоа дека ние ги имаме сите услови за зголемено индустриско производство идната година. Дај боже да е така, кој не го сака тоа, меѓутоа, овогодишното индустриско производство, како што знаете, велат дека е 3,9. Немаме ние податок за цела година врз основа на упросечени годишни просеци. 2,1% се заснива на производството во Рафинерија. Прашањето е каков економски ефект има воопшто на сите текови во државата. Сигурно еден енергетски сектор го поскапеа. Тој дел и од општествениот производ и производството е влошување на економската ситуација во државата, не е подобрување. Тие работи треба малку и на тој начин да се гледаат.

Што се однесува до тоа дека фактор кој ќе овозможи дека ќе имаме ние индустриско производство во идната година е и снабденоста со репроматеријал. Тука треба да се имаат во вид два проблема.

Прво, еден дел од увезениот репроматеријал, вие како што знаете се оди во шверц и на кванташки пазар тоа е стока за широка потрошувачка која само наплаќа данок. И не ја платила царината. Ние немаме материјално книговодство, ги ослободивме сите стопанственици од тоа и тешко ќе можеме тоа да го докажеме дали е така или не е така.

Ние убаво знаеме какви количини шеќер за реекспорт исчезнаа на кванташкиот пазар. Какви количини шеќер за репроматеријал отидоа на мало на кванташкиот пазар итн. Така да, тој момент треба да се има во вид оти ќе не удри индустриското производство, ќе се види дека нема.

Второ, индустриското производство кое е наменето на домашниот пазар треба да водиме сметка дека идната година побарувачката на домашниот пазар за широка потрошувачка произведена дома ќе биде стесната,помала. Платите ќе стагнираат, помалку луѓе ќе примаат плата, еден дел ка луѓе од плати ќе минат на социјална помош, ќе имаат помалку социјална помош отколку минатата година и кој ќе оди во пензија може би ќе има помала пензија во старт итн.

Според тоа, не се така лесно предвидува и осигурува зголемувањето на индустриското производство. Понатаму, тоа што не може дома да се продаде не може секој да се изјасни. Голем дел наши производители пред да произведуваат им треба години да дојдат до некој пазар. Ние го знаеме случајот на Тетекс, на Астибо итн .Голини и гозини се борат да дојдат на пазар. Ефектот идната година тешко може да се постигне. Веднаш некој мисли, ние нешто малку ќе зголемиме производство и нас не чекаат веднаш таму да одиме и веднаш да продадеме. Не е така. Настрана што воопшто пазарот е многу тешка работа да се совлада. Треба да знаеме дека нашето стопанство веќе со години технолошки заостанува. Инвестициите во минатата голина нагло палнаа, вие тоа знаете, нагло паднаа. Ние немаме обнова на машинскиот парк, немаме обнова на технологија, имаме назадување. Ние не можеме да си одиме идната година она што е сега актуелно во светот па да одиме да го продаваме таму. Треба да го предвидиме тоа.

Понатаму, во претпријатијата, кои евентуално нешто таму ќе заживеат тимовите се развиени. Многу претпријатија има во кои произ-водните тимови се развиени бидејќи не можеа да плаќаат луѓе, не сакаат

XI/3.-

да се секираат околу тоа, да ги испраќаат секој ден работните итн.итн. Не можат да се организираат, тоа е скапо. Тоа се се крупни прашања за индустриското производство до година. Јас тука не би бил многу голем оптимист, инаку морам да Ви кажам, јас сакам тоа а се оствари.

Што се однесува до аграрот јас морам да Ви кажам дека ние прифативме еден поедноставен поглед на аграрот. Аграрот во Македонија е значаен по најмалку 3 важни причини. Прво, заради искористување на расположливите капацитети. Второ, заради подигнување на потрошувачката сила на населението што живее од аграрот и трето, заради спречување на напливот на тие луѓе во градовите и поскапување на нивното доаѓање да бараат друга работа. Аграрот затоа е многу чувствителен сектор и тој не трпи произволности или импровизации. Мислам оти тешко ќе можеме да го вратиме населението што произведувало тутун пак да произведува во тој обем тутун како што произведуваше тогаш, пред овие удари да ги нанесеме, оти нанесовме со политиката која ја водевме, од проста причина што и некои семејства се разбија. Тие ги испратија децата на друго место, не знам каде отидоа итн. А, од друга страна, и не веруваат дека ќе им се плати тоа што ќе го произведат.

Кај Аграрот има многу причини да бидеме крајно внимателни јас се согласувам дека голи дотации на аграрот кои ја прикриваат неговата неефикасност или даваат лажна слика за неговата ефикасност не водат нигде. Прво никогаш не можат да бидат задоволни, второ не ги откриваат слабостите во аграрот за да можат да се решат тие слабости, но, тие треба да се напуштат, ама во динамика во која градиме замена за нив. Ако го оставите аграрот така како што ние го оставивме ние воведуваме пустош во таа област. Јас морам да Ви кажам во Америка еден систем, ама систем на прифаќање на земјоделските вишоци. Има цел систем институции гои раководат со тоа и државната политика е посветена на тоа. Даваат евтини кредити да се купат, пченка, скапи кредити

понекогаш пченица да се продаде, тоа се стратешки потези што се прават. Но, фармерите нема да чека да му се плати. Произвел ли тој, се држел ли до договорот, нему му се плаќа. А кај нас иако да речеме фармерот може би нешто повеќе може да издржи затоа што постојано му се плаќа, кај нас минатата година не му се платило и оваа година не му се плаќа. Човекот нема кувет. Ќе му пропадне семејството, ќе му пропадне се што има..

Другиот модел е моделот на Европската Унија. Вие убаво знаете дека таму во буџетите одвојуваат средства како обврска спрема аграрниот фонд, не директно на земјоделското, ама затоа аграрниот фонд е огромен и има огромни инструменти да го помага земјоделството. Осите вие и конкурирајте извоз на јунешко месо да речеме, конкурирајте со Европската Унија ќе видите дека ЕИШТО не можете, едноставно не можете со нивните цени, тие можат многу евтино да ги дадат. Или путер, тие се најголеми извозници на путер. Се субвенционира, како вие мислите се субвенционира купувањето, откупот, на путерот, држењето на залихи на путерот и извозот на путерот. Тоа може да се види, земете го, видете го, ќе помогнеме сите што знаеме и умееме, по нешто, треба да се најде чаре. Меѓутоа, аграрот да се остави само под економски притисок невозможно е. Потполно е напуштен, наполно е напуштен. Затоа неповрзаноста сега пак на целата извозно увезна сфера со досегашниот тек, нашите зафати во се доведе до тоа да, видете сега што правиме, една од нашите пофални работи за аграрот се вели, вака, на прехранбените производи и на некои земјоделски производи заштитата им е до 80%. Па нека биде и 100%, тоа не вреди ништо 200% нека биде, тука не можеш да го натераш него кој сака пола кило јаболки да јаде, по три кила јаболки да јаде. Не оди таа работа, треба да биде надвор, а штом е поголема заштитата овде ти повеќе го одвојуваш од пазарот, го одвојуваш од светскиот пазар. Што е поголема заштитата таква како што ние ја применуваме со царинска тарифа и со прелевмани, тогаш е се потешко кога овде продава да речеме за одредена цена, не може за 30% од тоа да извезе, едноставно ќе го ископа тоа после и ќе го

намали производството. Ќе се димензионира на ова производство овде и капацитетите се надвор од функција и вложувањата и наводнување и подигање на насади се работи на кои мора да се промисли. Некој мисли дека е тоа заради партиски маркетинг, и не знам каква партија бре луѓе, пред економската логика се паѓа. Или имаме решенија за она со кое се среќаваме или ќе го јадеме стапот кога ќе треба да се положи сметка. Можеме да ги излажеме луѓето еднаш, двапати не можеме повеќе. Од тоа се живее.

До каде сме ние сега. Сега сме од прилика, ни текна дека и Буџетот може да има нешто стабилизационо. Меѓутоа, таа свест ни дојде со шлаканицата што ни дојде оти не можеме и натаму само со кредитно монетарната политика да одиме, ама и со товарот на овој обем на социјални давања. Буџетот е онеспособен сега за посериозна стабилизациона улога. Токму заради ова. Затоа идната година политиката која е овде е парцијална , отсечена е, отсечена е од 1996 година, отсечена е таа од 1998 година и идната година по сите инструменти каде што има сега некои добри преоди, но по сите инструменти ќе биде година на влошена економска состојба кај производителите и мали кои земале кредити досега и сега се дебело заглавени и не знаат како ќе излезат од тоа и некои други кои се поголеми, но досега се одржувале, ама имаат многу долгови и идната година ние можеме да очекуваме да почнат нови претпријатија да престануваат со работа, јавниот сектор мора да почне со својата реконструкција и отпуштање на работници исто така. Според тоа, идната година ќе биде година на натамошно, засега барем, натамошно економско и финансиско исцрпување на стопанството, исто и во аграрот.

Идната година ќе биде година на натамошно финансиско и економско исцрпување на населението, на граѓаните затоа што идната година ќе имаме помалку луѓе кои што примаат редовна плата, ќе имаме дел од луѓето што примаат плата да минат на пензии кои се пониски и

дел од луѓето што примаат плата да минат на социјална издршка како стечајни работници, технолошки вишок итн.

Според тоа, идната година е година на натамошно исирпување на стопанството, заради нецеловитата програма, потоа заради натамошно осиромашување на населението, и идната година е натамошно зголемување на долгот без непосредни ефекти према странство. Тоа е суштината на макро економската политика идната година.

Инаку, патем, сакам да ви кажам дека јас сум јако задоволен што е изградена чешма во Старавина и никогаш не сум рекол зошто изградиле таму чешма, сигурно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Соколовски, се откажува.

Господин Таири се откажува.

Молам, дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот во начело.

Продолжуваме со претрес по амандманите утре во 11,00 часот.

Ве молам да бидеме точни.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот).